СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 декември 1992 година

Скопје, декември 1992 година

## 51 СЕДНИЦА – III ПРОДОЛЖЕНИЕ ОДРЖАНА НА 16.XII.1992


| ДИСКУТАНТИ: | СТР. |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН | 1 |
| 2. ЕШТРЕФ АЛИУ | 23, 28 |
| 3. АБДИ ФАИК | 34 |
| 4. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД | 76 |
| 5. АНДОНОВ ТИМЕ | 84 |
| 6. АНАСТАСОВСКИ МИТКО | 90 |
| 7. АРСОВСКИ БРАНКО | 93 |
| 8. БОШКОВ ЈОРДАН | 62 |
| 9. ГОШЕВ ТУШЕ | 7, 13, 24, 31, 39, 41, 45 |
| 10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР | 70, 74 |
| 11. ДИМОВСКА ДОСТА | 110, 111 |
| 12. ЗИБЕРИ НАСЕР | 32, 96 |
| 13. ЗИМБАКОВ ВАСИЛ | 101 |
| 14. ЕМИНИ ЗУДИ | 27 |
| 15. ЈУМЕРКОВСКА ЃУЛИСТАНА | 33, 34 |
| 16. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ | 19, 20, 30 |
| 17. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | 40 |
| 18. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | 69 |
| 19. КЕЛЕШОВ РИСТО | 77 |
| 20. БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА | 29, 30 |
| 21. МУРТЕЗАНИ АВДИ | 12, 15, 29 |
| 22. ПАНЧО МИНОВ | 87 |
| 23. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН | 91, 92 |
| 24. ЕФТИМ МАНЕВ | 102 |
| 25. ПЕТРОВ ТОДОР | 5, 44, 45, 77 |
| 26. ПАНОВСКИ МИХАИЛ | 41, 95 |
| 27. ПАУН0В ТОДОСИЈА | 58, 59, 80 |
| 28. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | 96 |
| 29. ПОПОВСКИ НИКОЛА | 109 |
| 30. РАМАДАНИ ИСМЕТ | 20 |
| 31. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ | 2, 13, 71, 72, 103, 105, 113 |
| 32. СЕЛМАНИ НЕИМ | 16 |
| 33. СТОЈАНОВСКИ НАКЕ | 17, 73 |
| 34. СТОЈКОВ СОИЛЕ | 98 |
| 35. СТАНКОВСКИ РИСТО | 114 |
| 36. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ | 57, 63, 72 |
| 37. ТАИРИ ЏЕЛИЛ | 19, 81, 112 |
| 38. Т0ШЕВ БЛАГОЈ | 38, 40, 83 |
| 39. ФАЗЛИУ АГИМ | 34 |
| 40. ХАЛИТИ МУХАМЕД | 14, 19, 31, 101 |
| 41. ХАЛКТИ АБДУРАХМАН | 15, 74 |
| 42. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН | 89 |
| 43. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ | 76, 85, 99 |
| 44. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР | 66 |


седницата продолжува

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од третото продолжение на 51-та седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 16 декември 1992 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам службата да ја види бројната состојба на пратениците за да можеме да работиме. Во салата се наоѓаат 72 пратеници и можеме да работиме.

Продолжуваме со работа.

Пратениците Иван Иванов, Љубисав Иванов, Симеон Наумовски и Александар Гештаковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Бидејќи за 7-та точка ни се потребни најмалку 80 пратеници, за момент ќе престанеме да расправаме за неа и ќе одиме на 8-та точка, каде тоа не е неопходно.

Минуваме **на 8-та точка** од дневниот ред.

Но, бидејќи има реагирање еве да го ставам на гласање

Кој е за тоа да преминеме на 8-та точка од дневниот ред? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (2)

Констатирам дека можеме да минеме на 8-та точка од дневниот ред

Предлог на закон за јавното обвинителство.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за општествено - политички систем и Законодавно -правната комисија ви се доста- вени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во општиот претрес сакам да кажам неколку збора околу одредниците во Законот за јавното обвинителство кога се говори за дисциплинска одговорност на јавните обвинители.

Дами и господа пратеници, за судиите имаме основ за дисциплинска одговорност во уставните одредби. Меѓутоа, кога се одредува за јавното обвинителство ваква одговорност никаде не е предвидена. Штом не е предвидена јасно ми е дека стои одредбата во членот 8 последната точка дека се она што не е забрането со Уставот е дозволено. Меѓутоа, овде се работи за едно ограничување и воведување на една одговорност покрај постојната одговорност, а тоа е преиспитување на обвинителите за нов реизбор. Кога Уставот говорел за постоење на некоја дисциплинска одговорност и правел разлика помеѓу јавното обвинителство и судовите, веројатно, меѓутоа тврдам, сигурно се раководел од основната причина што судиите се избираат еднаш до моментот на нивното разрешување односно оние услови за разрешување кои се предвидуваат или таканаречено трајно. Додека јавните обвинители имаат контрола, реизбор на секои шест години. Спрема тоа, оваа институција за дисциплинска одговорност сметам начелно дека не треба да има место во овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор по општиот збор (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 19 став 2; член 24 став 1,2 и 3 и за додавање нов став 4; за додавање нов член 25-а; член 26; член 31; член 35 став 1; член 39; член 45; за додавање нов член 45-а; член 47 став 1 и 2 и на член 51 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 29 став 1; член 44 и член 47 став 3 со кои се согласила Владата и кои се составен дел на Предлогот на законот.

Комисијата за општествено - политички систем поднесе амандман на член 22 став 2, а Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на насловот на Законот,страница 1, член 41 став 2; член 44 и за додавање нов став 2 по ставот 1 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ефтим Манев поднесе амандмани за бришење на членовите 7 и 8; член 9 став 3 и член 27.

Пратеникот Благој Тошев поднесе амандман на член 26, а пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 2 член 5, член 7 став 1 за додавање нов став 2 и на став 2; член 9 став 2; член 13 став 1 и 2; член 14 став 1; член 15 став 1 и член 16; член 22 став 2 и 3; член 27 став 1, член 31 став 1 точка 2; член 38 за додавање нов став 2; за додавање нов член 45-а и на член 46 со кои Владата не се согласила.

Комисијата за општествено - политички систем поднесен амандман на член 9 став 2, а Законодавно- правна комисија поднесе амандмани на

членот 7 за бришење на ставот 2;член 15 став 1 и за бришење на став 2; и на членот 39 и 40 став 1 со кои не се согласил претставникот на предлагачот

Пратеникот Ефтим Манев на седницата на Законодавно- правната комисија го поднесе амандманот на член 15.

Пратеничката група Илинден - Слободни демократи поднесе амандмани на член 7 став 1 и за додавање нов став 2; член 13 став 1 и 2; член 38 за додавање нов став 2; за додавање нов член 45-а и за бришење на член 46.

Пратеничката група на ПДП поднесе амандмани на член 21 став 1 и член 25 за додавање нов став 2, а Комисијата за општествено- политички систем поднесе амандман на член 31 по кои Владата не се произнела

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18)

Констатирам дека Собранието Собранието не го усвои амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 7 и 8 поднесени од пратеникот Ефтим Манев.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членовите 7 и 8 поднесени од пратеникот Ефтим Манев.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 за додавање нов став 2 и на став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Според предложениот член 7 од Предлог законот за јавното обвинителство произлегува дека јавните обвинителства преку печатот и другите средства за информирање ја известуваат јавноста за состојбата на криминалитетот и за другите појави од општо значење забележани во нивната работа, како и одредбата дека јавните обвинителства можат да ја информираат јавноста за одделни случаи по кои постапуваат.

Имајќи предвид дека јавните обвинители ги именува и разрешува Собранието, предлагам членот 7 став 1 да се менува и да гласи:

"Јавните обвинителства редовно и постојано, а најмалку еднаш годишно поднесуваат извештај за својата работа и го информираат Собранието на Република Македонија за својата работа за примената на законите, за состојбата на криминалитетот и за други појави од општо значење забележани во нивната работа".

Во ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

"Собранието на Република Македонија ги разгледува извештаите и информациите на јавните обвинителства и по нив донесува заклучоци".

Овој амандман за промена на ставот 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1 го предлагам од причини што апсурдно е, барем за мене, јавните обвинителства да имаат законски утврдена обврска да ја информираат јавноста, печатот и другите средства за јавно информирање за состојбата на криминалитетот и за примената на законите, а Собранието на Република Македонија како законодавен орган кој го именува и разрешува јавното обвинителство воопшто да не утврди обврска овој самостоен орган на државата да го информира за состојбата на криминалитетот, за примената на законите и за други појави од општо значење забележани во работата на јавните обвинителства.

Од таа гледна точка за мене е сосема неоправдано образложението на Владата со кое го отфрла овој амандман сметајќи, според зборовите на Владата, дека прашањето на функционирањето на јавното обвинителство како самостоен орган на државната власт се доведува во прашање доколку се утврди обврска во Законот за јавно обвинителство овој самостоен орган да дава соодветни информации за состојбата во криминалитетот, за примената на законите и за други појави од општо значење забележани во нивната работа.

Од тие причини го предлагам амандманот да утврдиме законска обврска јавните обвинителства за состојбите во криминалитетот, а примената на законите и други прашања од општо значење за работата на јавните обвинителства забележани во нивната работа да имаат законска обврска да го информираат најмалку еднаш годишно и Собранието затоа што во крајна линија примената на законите која ја регистрираат јавните обвинителства ќе овозможат Собранието, а тука и пратениците како овластени предлагачи согласно овластувањата утврдени со Уставот да предлага соодветни измени, дополнувања на постојните позитивни законски решенија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор Туше Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Само на кратко би рекол дека овој амандман е спротивен на членот 106 од Уставот каде кажува јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела. Тоа значи овој амандман е враќање на стариот систем на единство на власта на собранискиот систем, а во информирањето стои дека во членот 16 од Уставот јавното обвинителство покрај другите што ги информира, го информира и Собранието. Јавниот обвинител да има задолжителна обврска да го информира Собранието и Собранието по тие информации да донесува заклучоци, значи враќање на Собранискиот систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (25)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1 за додавање нов став 2 и на став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 и за додавање нов став 2 поднесен од пратеничката група на Илинден- Слободни демократи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Владата не го прифаќа. Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по

амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1 и за додавање нов став 2 поднесен од пратеничката група Илинден - Слободни демократи.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за бришење на став 2 поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 за бришење на став 2 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (25)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 2 поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 3 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 3 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 и 2 поднесен од пратеничката група на Илинден - Слободни демократи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Владата не го прифаќа амандманот. Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 став 1 и 2 поднесен од пратеничката група на Илинден- Слободни демократи.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 и за бришење на став 2 поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 1 за бришење на ставот 2 поднесен од ЗПК.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 и на член 16 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (21 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 1 и на член 16 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 поднесен од пратеничката група на ПДП.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

(Владата не го прифаќа амандманот). Дали некој бара збор?

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Сметаме дека би требало да се изврши реформа на јавните обвинителства на Република Македонија поради тоа што веќе градиме еден нов квалитет, па предлагаме да се формира вишо јавно обвинителство за општината Гостивар за следните основни јавни обвинителства: Тетово, Кичево и Дебар.

До 1965 година постоеше Окружниот суд во Тетово и тој треба да се поврати. Според тоа, сметаме дека треба да постои и јавно обвинителство, вишо, за следните градови што ги набројав. Поради ова ќе се подобри положбата на вишиот суд во Скопје и второ, поради економичноста на постапката поради материјалните трошоци и поради побрзо решавање на предметите ќе придонесе за едно праведно судство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Таква организациона мрежа не е предвидена ниту со предлогот на законот за судовите, да има виш суд во Гостивар, па и како органска структура на самиот закон не предвидуваме ни вишо обвинителство во Гостивар. Затоа сметам дека е сега беспредметно да расправаме во овој контекст.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас и поединечно и начелно сум да ен се прифати овој амандман од следниве причини:

Се говори дека економичност во постапката ќе се постигне ако се врши поголемо набројување односно расплинување на организацијата на вишите обвинителства. Обвинителството во начело е нижно обвинителство, тоа не превзема одредени мерки кој ќе имаат за цел да се дејствува веднаш и да определува некои постапки, туку поднесува барање/

Колегата министер се произнесе дека и во Законот за судовите нема месна надлежност за организацијата на вишиот суд на таа територија. Дали ќе има или ќе нема територијална поделба по однос на судовите, тоа е одвоена потреба. Овде говориме сега за јавно обвинителство. Јавното обвинителство во втор степен, затоа предвидувањето со законите надлежноста на првостепените судови вогламном на основните судови и тогаш нема потреба од поголемо разграничување односно расплинување на окружното односно вишото обвинителство. Доволно е сегашната распределба на места за да се задоволи потребата од виши обвинителства. Не гледам оправдување како предлагачот и од каде наоѓа дека ќе се постигне економичност во постапката. Во што ја гледа економи-

чноста. Економичност во постапката ќе има ако се држат судења, па се разместуваат, тие обвинителства треба да преземаат одредени дејствија и слично. Овде таква работа нема потреба, ниту се зацртува ниту има основа за тоа. Што ќе се постигне со тоа ако се дозволи такво нешто. Со тоа само ќе се зголемат трошоците. Ќе треба да се оформи ново обвинителство, нови издатоци за службите во тоа обвинителство, нови згради. Значи место да се оди на економичност, ќе имаме спротивен ефект. Поради тоа предлагам да не се прифати овој амандман.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас сметам дека е друго прашањето што некој не сака, а сосема друго е прашањето што треба и мора. Дека сегашната распределба е доволна, тоа не е точно. Ние се уште немаме распределба. Ние со законот за судовите имаме предлог за таква распределба. Штом има предлог, такви судови или јавни обвинителства да се основаат во Штип и Битола, јас не гледам причина зошто да не се основаат такви во Тетово или Гостивар. Според тоа, точна е констатацијата на министерот дека тие не предвиделе такви виши судови или виши обвинителства во конкретниот случај, меѓутоа законот е во фаза на донесување. Ако вие како министерство не сте предвиделе, ние предлагаме да предвидите и ви велиме ако не сте предвиделе, тогаш сте направиле пропуст. Јас не знам кои се аргументите поради кои треба виш суд или вишо обвинителство во Штип или Битола, а не треба таква инстанца во Тетово, Гостивар или Струга да кажеме. Сега тука се бориме за економичност, бранејќи теза на еден адвокат дека еве е економичност, а исти критериуми важат кога треба да се брани економичноста, треба да се брани за другите виши обвинителства и виши судови. Сакам со ова да кажам дека треба да бидеме принципиелни, не секој да влече на своја страна. Ако секој влече на своја страна нема компромис и тогаш џабе што и тука зборуваме за такви работи.

Уште еднаш апелирам до министерот, ако вие не сте предвиделе во Предлогот на законот, тука сме да предвидиме. Вие не дадовте конкретни научни аргументи зошто не треба. Рековте дека не сме пред- виделе. Тоа е релевантна работа.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Веројатно дека ќе се најдат многу причини да не се формира обвинителство таму каде што предлага амандманот и исто така ќе се најдат многу причини да се формира итн. Меѓутоа целта не ми беше да наведувам аргументи тука. Сакав вашето внимание да го свртам на следната работа. Дали и вие забележувате исто што и јас забележувам. Имено, дојдовме до ситуација позицијата да го напаѓа законот што го предлага Владата, опозицијата да го брани. Мислам дека тоа е своевиден парадокс и овие забелешки не ги упатувам на опозицијата затоа што таа има право да се однесува како што смета. Меѓутоа дали ова не е повод Владата да размисли каде не води ова. Дали е добро законите да ги брани опозицијата, а да ги напаѓа позицијата.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Во ред е кога се објаснува дека не може да постои вишо јавно обвинителство ако не постои суд поради тоа што јавното обвинителство го штити интересот на државата или граѓаните или друштвото по- рано а сега и повеќе и индивидуата. Меѓутоа треба да се суди за тој предмет, односно за таа кривична пријава. Меѓутоа бидејќи денес на дневен ред е законот за судовите, а треба да се донесе со двотретинско мнозинство и објаснувањето во тој случај министерот за правосудство не држи.

Ако се има предвид територијата на Република Македонија и ако се гледаат основните јавни обвинителства каде се лоцирани, односно надлежноста на досегашните окружни јавни обвинителства, тогаш лесно

може да се утврди како било укинато вишото јавно обвинителство во Тетово и кои биле мотивите.

Второ, не би можело да се зборува за неекономичност на постапката ако се набљудува дека надлежноста на окружното јавно обвинителство во Скопје се протега од Гевгелија па излегува во Куманово и се враќа во Гостивар, а окружното обвинителство во Битола и Штип се знае кои градови ги опфаќа. Според тоа, само од овој факт ми се чини дека барањето на нашата група е оправдано.

За трошоците кои би се создале јас мислам со тоа ќе се растовари вишиот суд во Скопје, односно вишото јавно обвинителство во Скопје. Поради тоа не гледам овде причина и за трошоци и за нешто друго. Тука посреди е некоја друга работа за која ние колеги сами треба да размислиме каква одлука донесуваме.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Мислам дека она што го кажа господинот Абдурахман Алити, да не се враќаме назад, тоа е сосема друго прашање.

Со оглед на тоа што кога ја почнавме седницата немаше доволен број на пратеници да се расправа по точката 7, а што мислам дека откако ќе се одлучи по точката 7 тогаш веќе ќе знаеме дали има потреба или нема, со оглед на тоа што обвинителства се формираат таму каде што има виши судови. Ако нема виши суд, нема и обвинителство. Затоа предлагам ние сега да ја прекинеме расправата по оваа точка и да се вратиме на точката 7, бидејќи така ќе се определи судбината дали ќе има обвинителство во Тетово, Гостивар и слично. Мислам дека треба да се вратиме на точката 7, тоа е главната точка на овие закони.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ние се договоривме да работиме вака како што почнавме. Бидејќи сме при крај со оваа точка, да ја псолвираме оваа точка што сме ја започнале па после да се вратиме на точка 7.

Има збор Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Можеби последното процедурално кажување на господинот Селмани има некоја вистина затоа што се работи за судски закони, закони од областа на судството што веројатно нивната функција ќе мора да се бара во пакетот. Но, ниту се толку пак органски поврзани за да не може автономно) во нив да се донесуваат решенија, но би било поцелисходно тоа да биде во пакет.

Но, јас излегов на говорница и за една друга ситуација што претходно настана со замена на одредени тези. Ние веќе користејќи ја положбата што ја имаме во овој Парламент и расположбата наша субјективна како пратеници, често знаеме основните теми да ги замениме во расправата и да се префрлиме на еден лагоден терен кој на нас, така да кажам ни погодува, за да влеземе на некои ирационални расправи. Што сакам да кажам. Сакам да кажам дека предлог на амандманот кој е на расправа овде нема доволно аргументација која треба да ја има, ако се сака сериозно да се расправа. Во која смисла мислам на аргументација која не достига. Тоа е прво за прашањето за суштинската мериторна надлежност што треба да ја имаат вишите јавни обвинителства. Ако таквиот амандман биде поткрепен со надлежностите и обемот на работа на едно такво више обвинителство за територијата за која се предлага, веројатно овде пратениците поинаку би размислувале. Таа аргументација ја нема во Предлогот на амандманот, ниту можевме да ја слушнеме во досегашната расправа, ниту пак други

релевантни бројки или податоци нема. Туку, јас чисто добивам впечаток дека се бара на територија од каде што добар дел од предлагачите потекнуваат како претставници на граѓаните дека се залагаме за подобра положба на граѓаните што се може да му биде подостапен судот. Ако тргнеме по тој критериум што јас го стекнувам овде како впечаток, можеме сите да лицитираме, а јас со најголемо право, да кажам, затоа што во предлогот на судовите, сега ќе направам една дигресија, само Демир Хисар, Валандово и уште едно мало гратче незнам кое беше, немаат основен суд, а сите можни градови и населени места во Републиката имаат такви. Оттаму мислам дека тука и образложението на претставникот на Владата беше тенко и е тенко дека оттаму треба да се црпат аргументите, а не да се префрламе на други терени и да расправаме по оваа проблематика во некоја ирационална друга состојба. Лично сметав тоа што мислам и што го стекнав како впечаток и од амандманот и од расправата и мислам дека рас- правата води во други води ако на таков начин почнеме да се лицитираме.

А сега сакам да истакнам едно мислење по повод искажувањето на пратеникот Алити дека веќе Владата треба да размисли за тоа дека законите ги брани опозицијата, а дека позицијата ги напаѓа. Истата е ситуацијата и во овој случај. Ниту опозицијата ги брани аргументирано законите, ниту мериторно ги брани, туку чисто ги брани маркетиншки одредени решенија од други ирационалности, не од тоа што се издржани решенијата и што стои зад тие решенија, туку од други сопствени потреби влечејќи ја онаа, исто така, теза дека и предлагачот прикажува барем овде, или толку успеа да прикаже дека не од суштински туку од некои други причини го предлага овој амандман.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас незнам кој се причините што ние сме предложиле едно такво решение, меѓутоа јас многу добро ги знам причините на предлагачот на Законот зашто предлага тој такви виши судови, виши обвиненија во Штип, Битола и скоро во секое гратче во Источна Македонија, а истото не го направил барем во еден град во западна Македонија. Тоа го знам и сум убеден.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Јас не сум правник, меѓутоа од тоа што го прочитав и тоа што овде го слушнавме пак не ми е јасно односно барам од министерот да ми каже она што го рече претходно и господин Халили кои се критериумите за основање на виши судови односно вишо обвинителство. Дали одалеченоста, дали е по бројот на судските одлуки итн. Мислам дека критериумот треба да биде единствен за целата Република. И ако се придржуваме до тие критериуми сигурно ќе дојдеме до реалноста. Затоа барам појаснување, еве нека каже министерот кој се тие критериуми, па да знаеме сите на што сме.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господо, на дневен ред имаме конкретен закон и конкретен амандман. Амандманот, што се однесува до пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го отфрла категорично и сметам во тој правец да кажам дека онаа љубов што коалицијата ја склопила со одредени партии (Мухамед Халили од место вели дека тоа не е на дневен ред), онаа љубов што ја склопила на одреден начин може на одреден начин да направи и одредена разврска.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, ама тоа навистина не е на дневен ред.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Меѓутоа, овде одредени концесии да се даваат особено за оние работи на кои ние треба да се спуштаме на гнило јаже јас мислам дека е недопусливо и во конкретниот случај навистина треба малку да се замислиме, затоа што ние овде како парламент нема да правиме некои големи експертизи и нема да правиме научни симпозиуми да видиме каква е корисата или штетата од формирање на вакви судови. Едноставно ние имаме понудено од Министерството и од Владата компетентен закон и тој е овде на расправа. И, апсолутно нема никаква врска со тоа кој е позиција и кој е опозиција. Интересите во оваа држава особено националните интереси на македонската држава ние секогаш ќе ги застапуваме и доследно ќе ги браниме, а кој не се согласува и на кој му е криво може слободно овде да се искаже и да ги изнесе на свој начин и свое видување како што го замислува.

Затоа, уште еднаш потврдувам од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека категорички го отфрламе овој амандман и нема никаква потреба од прифаќање.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас и апелирам и мислам дека е беспотребно господа, да се создава нервозна атмосфера затоа што ако има предлагач, ако има амандман нормално е дека секој си ги брани своите аргументи, а потоа тие аргументи кои што ќе бидат изложени тука нормално и ќе се одлучи како што е одлучувало секогаш, меѓутоа имам една  професионална деформација,

само да ве потсетам, ние и вчера имавме еден амандман за националната застапеност во Советот на судството. Ако се сеќавате само да ве потсетам, немаше ниту една дискусија да се брани тој амандман тоа малку го чиневме намерно да видиме колку и дали ќе се најде еден друг човек кој ќе предлага односно ќе поддржи одредба за националната застапеност во Советот на судството.

Сега пак имам аргументи и контра аргументи, меѓутоа ако имаме јавно обвинителство мислам вишо обвинителство во Битола, Штип и Скопје, јас мислам дека ако гледаме малку на тоа што е географска поставеност без разлика, без емоции, без некои размислувања кој живее во западниот дел на Македонија или кој живее во источниот дел, затоа што ние ниту сакаме ниту тука треба да правиме делби и да ја делиме сега Македонија па од таа делба да видиме каде ќе имаме виши или јавни обвинителства.

Да ги прокоментирам само аргументите кои ги слушнав и во мојата матична комисија за внатрешна политика и тие образложенија односно оправдувања кои ги дава предлагачот односно Владата.

Економичниот аспект точно има некаде и одговор дека ако има да речеме не само више јавно обвинителство туку и виш суд тоа ќе чини некаде месечно околу 11 милиони денари. Меѓутоа, некои работи не смеат да се камуфлираат под плаштот на сиромаштијата затоа што ќе се бираат и судии и јавни обвинители можеби доживотно, но ние немаме намера доживотно да бидеме сиромашни. Донесуваме закон за кој треба да размислиме за една иднина. Ако одиме од економичниот аспект јас дури и предлагам ајде тогаш да имаме само едно више јавно обвинителство во Скопје, па некој сигурно ќе има друго оправдување, ќе рече, па ќе се концентрира се во Скопје.

А, тогаш зашто тогаш да се концентрирам само во еден дел на Македонија.

Од стручен аспект имаме оправдување исто така од предлагачот; на законот односно на законите дека си има некоја традиција, има некој стручен кадар итн. па затоа треба да има на овие места виши јавни обвинителства. Јас пак ќе направам една дигресија, ве молам, зарем секогаш ќе одиме за еден дел на Македонија да имаме една пасивност и секогаш ли ќе велиме ние дека, па овие се проверени кадри, па има традиција. Ајде ве молам тие проверени кадри, токму тука е мојата дигресија, проверени кадри беа за социјалистичко самоуправување, за здружен труд, за судови итн.

Уште една дигресија со еден конкретен пример, овие денови тоа го слушнав некаде. Кога падна диктатурата на Маркос требаше да има судија за да има правна држава во една демократија. Меѓутоа сите тие судии кои биле во времето на Маркос биле судии од диктатура и сега проблемот бил во тоа каде да се најде судија за еден демократски систем. Дури оделе на такви луѓе кои немале завршен правен факултет во Филипините. Меѓутоа, со искрени, чесни луѓе и афторатативни суделе додека поминало тоа што е транзиција во еден систем. Јас мислам дека ако веќе во овие, во истиве закони предлагаме еве од Реформските сили и свечена наметка па дури и заклетва во Господ и во светата книга, дали Библија, коран итн. ние мораме да ги прифатиме овие измени, мораме некои традиции кои се велиме традиционално но мораме да одиме на нешто ново, па ако одиме во нешто ново па нека има да речеме и Више јавно обвинителство и во Гостивар или во Тетово или некаде. Токму затоа, затоа што тие судови, тие јавни обвинителства ќе бидат за тие граѓани кој живеат. Ние не велиме тие Виши судови да бидат за албанците.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, излегов на говорница да му се заблагодарам на пратеникот господин Наќе Стојановски што потполно професионално постапи на говорницата и тоа е веќе една голема искреност и кажување и кога е во прашање нешто да се брани и кога е во прашање да се стане против тоа или да се отфрли.

Втора работа очито ни е јасно дека ние веќе пратениците појдовните основи на гледиштата т.е. позициите ни се сосема спротивни. Една позиција крајно дефинирана за граѓанско општество, граѓанска држава за која ќе се залагам до последен миг на траење на животот.

Втората позиција е национална од одредени пратеници, чисто националистичка. Единствено што барам, најмалку што барам од секого што излегува на оваа говорница е многу мала, многу ситна работа, да се послужи со силата на аргументите, нека ја брани позицијата, нека одржи нека се крене во делогругот на тоа што подразбира еден минимум културен дијалог. Ништо повеќе. Кој сака колку сака после нека напаѓа , само нека се изнесат аргументите. Јас тука сум немоќен да кажам било што паметно. Интуицијата ми зборува дека во овие работи и во точката која ја оставивме и во оваа се работело по една инерција на системот кого го оставивме назад, заправо од негативностите што ги остави системот не се отиде подалеку, нарочно, од една сеуште негативност на вработените да се ослободат потполно од идеолошките стеги и определби.

Јас лично како албанец по род ниту ми е намера ниту ми паѓа на крај памет да барам ниту суд , ниту виш суд, ниту основен суд, ниту уставен суд, ниту судија, ниту јавен обвинител само за албанците. Моето залагање е еден скромен придонес во оваа сфера многу ограничен за жал, едно

залагање за здрави темели на едно модерно општество, за една правна демократска држава која ја викаме Република Македонија. И, судовите и јавните обвинителства и сите закони должност ни е да се залагаме да бидат што е можно во функција на граѓаните. Ако се тие во функција на граѓанинот тогаш обезбедуваме еден минимум задоволителен работите да тргнат напред и да ја градиме нашата Република како модерна, самостојна, независна држава т.е. да градиме темели на граѓанско општество каде Хегемон ќе биде граѓанинот т.е. единката, т.е. способниот, а не религизионо определениот или национално определениот. Тука да не должам, веќе имавме примери на едно такво залагање.

Многу ми е жал што пратеничката група во оваа сфера и во овој конкретен случај не му пријде посериозно и по комплексно на ова прашање. Но, и токлаво како е ред е да се замисли и Министерството и сите ние заеднички во тоа што е интерес на сите, во тоа што е интерес на Република Македонија, ништо повеќе, а не мора и помалку. А, не, залагањата на некои овде да се постави падрон тоа се жалосни позиции.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, токму во интересот на граѓаните на Република Македонија предлагачот водеше сметка за изнаоѓање на концепти на судовите и аналогно органски и на обвинителствата, да предложи еден концепт на Законот на судовите и обвинителствата кој ќе ги задоволи граѓаните на Република Македонија, а во суштина ќе овозможи да профункционира правниот систем и правната држава, еднаквата правна заштита на граѓаните во република Македонија без да се прават било какви политички или рационални дискусии.

Основниот концепт кој беше од 1965 година, каде општинските и окружните судови имаа друга надлежност, каде окружните судови се јавуваа во првостепена постапка да ги судат нај- тешките граѓански предмети и кривични предмети и аналогно на тоа водејќи една стручна расправа во врска со постоењето е надмината оваа организациона мрежа на организирање на правосудниот систем во Република Македонија и се предложени три окружни суда и аналогно на ова три јавни обвинителства.

Новиот концепт на законите што го нуди Владата дава можност на граѓаните на Република Македонија да се доближат до судството и на најпримерен начин да можат да ја остваруваат правдата пред судовите на Република Македонија, а тоа е дека во членот 19 од предложениот закон каде целокупната стварна надлежност се дава на основните судови, каде сите граѓани во Република Македонија за сите предмети кои можат да бидат расправа на утврдувањето што е право, а што е спротивно на законските начела утврдени во тие правни норми . Основните судови ќе ги судат и сите предмети кои можат да бидат како предмет во првостепена постапка.

Второстепените судови по стварната надлежност која ја предвидува законот за судовите има само две ингеренции, а тоа е расправањето по жалбите, по предметите, од првостепените предмети и утврдувањето на месната и стварната надлежност на спротивностите кои може да ја имаат,која може да се случи во пракса између основните судови. И рационален е секоја дискусија дека во овој концепт се прави било каква политика во врска со применувањето на таа организациона. Концентрирањето на второстепената надлежност само во три виши судии има посебно значење за воедначвување на судската практика.

Обезбедувањето на еднаква приемна на законите на  пошироко подрачје , значаен е и податокот што сегашните три окружни суда немаат нерешени предмети и тие во целост ја имаат постигнато ажурноста и ние мораме да ј а почитуваме и позитивната правна практика од нашиот правен систем, а тоа значи дека нешто што е добро не треба да го растураме.

Со воведувањето на нов виш суд во Тетово или во Гостивар и аналогно на тоа органски и воведувањето на јавен обвинител окружен или виши јавен обвинител во Гостивар тоа би значело ново оптоварување на Република Македонија, а тоа значи дека Република Македонија месечно ќе ја кошта некаде над дванаесет милиони денари. Што мислам дека во постигнатата сто посто ажурност во второстепените предмети ние само ќе правиме уште едно оптоварување на Републиката. Тие аргументи за ажурноста на второстепените судови се непобитни, никој не може да ги побие, затоа што ние треба да градиме позитивна судска пракса, а не треба врз основа на политичката изграденост или било какви политички видувања од други елементи на градењето да градиме нови системи.

**ТУШЕ ГОШЕВ**:(продолжение)

Сметаме дека вака предложената организациона мрежа дека правдата во Република Македонија за секој граѓанин ќе биде еднаква, ажурна и успешно ќе се извршува во Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Зуди Емини.

**ЗУДИ ЕМИНИ:**

Почитувани пратеници, мене лично ме зачудуваат некои работи овде од неколку дискутанти,па поготово и од министерот. Никој од дискутантите во својата аргументација не изнесе дека се сомнева во организацијата на вишите судови или на некои други елементи кои ги изнесе министерот. Овде се работи за едно просто прашање, имено за организациониот карактер на вишите судови. Ако е тоа така, зашто уште се мачиме, барем неколкумина од нас дека навистина можеме да констатираме ни влегле муви во глави и да им дадеме различит аспект и карактер на тие работи. Имаме, одличен предлог од пратеникот Неим Селмани, бидејќи нашиот амандман предложен на член 18 од Законот за судовите е тесно поврзан со овој, би било вред и беспредметно би било тогаш, кога ќе дојде на ред истиот закон да се дискутира. Би било во ред да се прекине оваа понатамошна расправа и да го видиме исходот од претходниот закон односно од Законот за судовите. Веројатно ќе видиме што ќе произлезе од тоа и не ќе имаме понатамошни калкулации, барем политички што се однесува до соодветниот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор по амаднманот?

Собранието знаете за да работи по овој закон, се определи, со гласање, ме натеравте, па само двајца беа против тоа, да се работи по овој

закон. Сега при првиот понезгоден амандман, да се враќаме да ја напуштаме таа определба на Собранието, сега не е незнам, ако сакате можеме и да го ставиме и тоа на изјаснување.

Има збор господинот Ешреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Ние поминавме на следната точка од проста причина што немаше поголем број пратеници, т.е. желбата да бидеме денеска сите тука, а бидејќи пратениците се тука, оправдано е да се вратиме на точката што треба да ја поминеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ние оваа ја почнавме сега и треба да ја завршиме инаку ако треба да се изјаснуваме, еве да се изјасниме дали да прекинеме по оваа расправа.

Кој е за предлогот на Селмани нека крене рака?(19)

Според тоа ќе продолжиме со работа.

Дали уште некој се јавува во расправата по амандманот? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за амандманот да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 став 1 поднесен од Пратеничката група на ПДП.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 став 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на членот 25 за додавање нов став 2 поднесен од Пратеничката група на ПДП.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор?

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Застапеноста на националностите во јавните обвинителства досега не била адекватна според структурата на населението. Според тоа ние поднесовме амандман на член 25 со кој бараме да се додаде нов став 2 кој гласи: "При утврдувањето на предлогот од претходниот став, Владата води сметка за пропорционалната застапеност на националностите".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Не би го коментирала толку амандманот колку што ќе го коментирам залагањето, различното залагање на пратениците од Пратеничката група на ПДП и НДП. Национална застапеност не можеме да бараме кога еве господинот Ешреф Алиу кажа дека ние имаме граѓански устав. Сите гласавме за тој граѓански устав.

**ОД МЕСТО РЕАКЦИИ:**

Не гласавме сите.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Секој пат кога се зборува македонскиот народ се вели албанската националност. Тоа е добро и тогаш би била национална застапеност. Бидејќи имаме граѓански устав во кој што клучот како решение што било прифатено во минатиот систем каде што сме имале поинакво дефинирање во Уставот....

**(РЕАГИРАЊА ОД МЕСТО):**

(Дофрлувања што не се разбираат)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е нејзино мислење по амандманот, во ред е, зборува. Немојте да упаѓате. Ве молам немојте.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Национална припадност не може да има застапеност зашто ние немаме процент на албанската националност и тоа конкретно заради тоа што не излезе на пописот.

(Нови реакции од место - сега ќе излезе)

Кога ќе излезе ќе поднесете и амандман а при ваков устав каде што граѓанството е на прво место ние не можеме да го прифатиме и националното. Дали тогаш македонската националност не е обезличена. Тогаш се гласаше за еден граѓански устав а сега се залагаме само за една националност. Ве молам тоа не може така. Дајте да расправаме за граѓанство и за законите и за уставот.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го отфрламе овој амандман и сакам да кажам дека лично тоа е мое мислење дека ние еден систем напуштивме во поранешниот период кои се базираше на тоа во

сите структури на системот, во сите структури на државата да се бираат луѓе и личности по клуч, она што ни го сугерираат некои пратеници овде од оваа говорница скоро две години тоа значи враќање повторно на тој клуч. Ние тоа треба да го отфрлиме и одиме понатаму на она што сите како заложба го имаме во законите што ги носиме и оние системски закони што треба да ги донесеме. Клучот отпаѓа и тоа е минато. Треба еднаш да прежалиме и парастоси да не правиме на тие работи.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Па вие господин интелектуалец, бидејќи сте пуштиле брада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам никакви алузии на личноста. Тоа важи за сите.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Треба да знаете дека таков клуч никогаш не постоел. Постои клуч на послушни албанци, тоа го знаеме ние, тој клуч не ни треба воопшто и не жалиме воопшто за тој клуч. А вие госпоѓо немојте да ја дезинформирате јавноста дека имаме граѓански устав. Имаме пола граѓански, а во прв ред и најповеќе национален устав. Немојте тука дезинформации да пласирате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор во врска со амандманот?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Само на кратко мислам дека тоа е операциона работа на Собранието и не е потребно во законот да утврдуваме некои правила кои праткички се неприменливи и нема никаков критериум за оваа работа

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас мислам дека непотребно се загрева атмосферата по однос на ова прашање. Јас лично очекував подолго образложение од страна на министерот по однос на поставениот амандман. Мене лично ми е жал што и вчера не помина амандманот со иста содржина по однос на судскиот совет и сметам дека овие прашања тек ќе треба да ги коригираме во иднина. Без оглед што овде некои пратеници се повикуваат на граѓанскиот карактер на Уставот, без оглед што некои пратеници повикуваат дека ние напуштаме еден систем што во себе вклучуваше и систем на пропорционална застапеност односно клуч и без оглед на сите образложенија што ги даде министерот по однос на непостоење на политички мотиви, кога се гради правосудниот систем на Република Македонија. Сите тие факти и аргументи јас ги респектирам, ги почитувам и не треба да се залажуваме по тие факти и со нив да ја прикрие ме реалната состојба во Република Македонија. Ние сме свесни дека таа маса на граѓани, државјани на Република Македонија имаат и национална припадност. И во секое општество било тоа да е најдемократско на запад, рамноправноста на граѓаните, било да е тоа национална,професионална или било која друга токму се гледа врз рефлексот на застапеноста на тие етнитети во државата,во управата,во правосудството и во сите други органи. Јас не би се согласил кога барањето за воведување пропорционална застапеност, воведувањето на основање на еден окружен суд во Тетово или Гостивар или било која друга работа кои што одат во прилог на остварување на едно право на граѓаните во конкретниот случај да се направи потполитички мотиви. Овие барања не имаат таков карактер. Тие едноставно наметнуваат на потреба за рамноправност ан граѓаните во обласста на правосудниот систем, во конкретниот случај, во судството. Јас лично сметам дека овој амандман треба да се прифати а дури треба да се

преиспита и вчера усвоениот закон и Законот што ќе треба да уследи за судовите. Ние впрочем и во разговорите што ги водевме во Женева заедно со претставниците на Владата, јас мислам дека една од темите, ми се сугерира од страна на Женевската конференција дека е токму остварувањето на рамноправноста на граѓаните од овој сегмент, нивната адекватна застапеност во органите и на управата и на судството и во сите сегменти. И затоа час поскоро треба таа работа да ја направиме и ќе оди во прилог токму на оваа држава, на Република Македонија.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека амандман со ваква содржина при утврдување на предлогот дека Владата води сметка за пропорционална застапеност на националностите, не треба да стои од следнава причина, наиме, пропорционална застапеност не можеме да бараме заради тоа што во претходната аргументација која што беше речена во врска со граѓанскиот устав и таа да се земе, меѓутоа, ние имаме мешовито подрачје. Така што сакале ние или не, поспособните од едната или од другата или од третата страна, било која националност тука воопшто не е важно. Мислам дека не треба да се ставаме во позиција само заради тоа што некој припаѓа на некоја националност веќе себе си да се смета како граѓанин од втор ред, во кој што за да дојдат неговите способности до израз тој треба прикачи националното себеси за грб. Мислам дека тоа не е во ред, пред се, ако дискутираме како луѓе. Ако некој е способен или не е способен, тоа при неговата работа ќе дојде до израз. Така што не гледам во еден ваков закон би можел да биде застапен еден ваков амандман и да се повикува; на конвенции и други меѓународни договори, затоа што тој е присутен во

секојдневното живеење и затоа што секаде каде што има способност националноста не е важна.

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Господа пратеници, јас немав намера да дискутирам по ова прашање но некои дискусии провоцираат и накратко само ќе кажам дека не е потребно од оваа говорница од било кој пратеник да ни се кажува за интересите на другите, како и за правата на другите. Ние како пратеници, албанци мислиме дека наше е право да бараме пропорционална застапеност и во судските органи. Со ова мислиме дека ќе ги оствариме нашите права. Ако госпоѓа Јумеровска тоа не го бара, тоа е нејзино право, ние не ја тераме. И понатаму нека продолжи така.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас ова го кажав од најдобри намери и сметам дека парламентот така го прифати. Меѓутоа, јас жалам што пратениците или поедини пратеници од пратеничката група на ПДП сметаа дека во Македонија живеат како националности само албанци. За жал не живеат само албанци. Претставник на националност сум и јас, и навистина не би сакала да бидам застапена во ниеден орган дури и во овој Парламент, или на друго место каде што би фигурирала само како националност а не и заради тоа што имам и други стручни и било какви човечки квалитети.

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека многу интересно прашање и многу интересни дискусии има денеска искажано по овој амандман. Правото некој да се претставува себе си на една етничка припадност, една национална припадност му припаѓа на секој човек, во зависност од неговата  национална припадност и

овде мислам дека никој нема право да те претставува како претставник на една етничка средина ако не е и досега дојдено до израз тоа претставување. Сметам дека секој мора да си ја знае својата општествена положба и предодредба, уште во почетокот кога овој парламент го конституиравме како и определбата за што е определен. Ако овде претставниците на албанската националност сакаа да се изборат за едно, според нив, право, кое што јас малку поинаку го толкувам, заправо го прифаќам она што господинот Зибери го објаснуваше - ако направиме еден осврт на сите граѓански права и етнички права според Хелсиншкиот акт и Парискaта повелба како и други конвенции ќе дојдеме до одредени сознанија. Тоа се правата на човекот и граѓанинот.

**ФАИК АБДИ**: (продолжение)

Ние на Комисијата за правата на човекот прибравме документи и јас прочитав многу убави работи за кои што можеби не знае дека се тие такви. Јас поаѓам од една претпоставка дека ова што се бара како амандман е резултат на живеењето во тој дел на Македонија. Дали ќе се намести, дали ќе се поднамести изборот на едикојси судија, дали ќе треба да има состав повеќе национален во нашите судови итн., сето тоа задира во членот 7, или 8, кој беше таму,или 48 од Уставот на Република Македонија, Ништо не е неуставно што овде се зборува. Се е базирано на устав. Дека никој овде од нашите колеги пратеници не навлезе во онаа материја каде што се зборува дека не- когаш постоел некој си национален клуч и тие клучеви ги отфрламе. Не е точно. Ние и сега имаме одредби кои што зборуваат токму за овие односи. Јас имам примено и разговарано најмалку 28 делегати и делегации од странство од аспект на признавањето на Република Македонија и тие најповеќе се интересираат помеѓу другото и за овие прашања. Според тоа, ова Собрание треба да биде одраз на она што ние со Уставот загарантиравме, дадовме гаранција дека тоа ќе биде така. Сигурно ќе се продлабочат нашите меѓунационални односи . Сигурно треба да има доверба меѓу албанците и македонците, македонците и албанците. Не е сега да речеме од ВМРО-ДПМНЕ да се стане овде и да се рече "ние го отфрламе тоа како пратеничка група". И сега условно викам само македонците, ќе речат "браво , ете овие се за Македонија, за нас македонците". Па јас истото го мислам, да се разбереме. За мене не е важно кој ќе биде судија од која националност, дали ќе биде македонец, или ќе биде албанец, или ром ќе биде. Јас ќе се изборам, јас сакам да има некој ром ако има квалитет, да се разбереме. Тоа ќе зависи од тоа како ќе суди, односно како ќе се однесува судијата и за секоја неправда постојат

инстанци и тука во Македонија и надвор од Македонија, постојат меѓународни инстанци за секоја грешка. Затоа нека повели чик некој нека згреши. Впрочем ние ако сакаме да ја измениме структурата внатре во судовите ние мораме да чекаме 10,15, 20, 30 години. Ние овде стално говориме за некои си стари сфаќања комунистички и не знам какви поаѓајќи токму од овој амандман што е овде предложен,, национални, меѓунационални итн. консензуси и што ја знам што. Меѓутоа, тие што магистрираат, докторираат итн. се е во тој систем, немаме некој друг. Треба да ги отфрлиме сите да чекаме некоја генерација да изникне во нешто друго по демократско, односно навистина демократско, или пак вистински демократ ќе биде само оној кој што стално ги напаѓа старите. Тој ли е вистински демократ? Не, не е така. Според тоа мислам дека меѓунационалната толеранција овде пред се, прво меѓу нас мора пред нашите граѓани да создаде едно единство, а никако јаз. Според тоа, апелирам до пратениците од албанска националност ПДП и НДП, вие сте 23-ца овде и јас да ви се придружам и незнам уште кој да ви се придружи, нема да по- мине тој амандман, заради тоа што во моментов националниот состав, составот од идеолошката определба и онаа подсвеста е таква. Ние не можеме тоа да го промениме. Треба да помине време за да се изменат нашите сфаќања. Ако сфаќањата не се изменат што Европа тоа го бара од нас. Сега да не признаат, сега да ни дадат пари ние не ќе можеме напред ако тие пари ги употребиме за нешто друго. Денес еден човек ми рече дека пристигнале лекови без пари во Скопје, а се продавале во приватни аптеки. Што е тоа?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 за додавање нов став 2 поднесен од пратеничката група на ПДП.

Отворам претрес по амандманот на член 2 6 поднесен од пратеникот Благој Тошев.

Дали некој бара збор?

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, во членот 26 од Предлогот на законот за јавното обвинителство дадено е идентично решение со она што е дадено во член 38 од Предлогот на законот за судовите. Овој предлог е неприфатлив од причини што такви решенија во правните системи се непознати, дека поаѓаат од принципот на недоверба и дека би предизвикале значителни проблеми во практиката. Истовремено сакам да напоменам и тоа дека изработените досега три верзии на нацрт законот за јавното обвинителство кои му претходеа на овој предлог не го содржеа решението кое се га се предлага во членот 26 од Предлогот. Имајќи ги предвид причините дадени во врска со пред- логот на законот барам членот 26 од Предлогот на законот за јавното обвинителство да се преформулира, односно прифати предложениот амандман кој гласи: "за јавен обвинител и заменик јавен обвинител не може да биде именувано лице кое на лице во некои од овие звања во исто обвинителство му е брачен другар, или е во сродство во права линија, или во странична линија од втор степен". Истовремено сакам да напоменам дека матичната комисија за општествено политички систем овој амандман го прифати, а истовремено и Законодавно правната комисија го прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ова предвидување согласно на членот 26 беше и произлезено од расправата при донесувањето на самите законски проекти и тоа беше предложено од господинот Пановски и кој низ целата постапка се предвидуваше и се материјализираше во членот 26 и 38 од Законот за судовите. Не е точно дека не постои во правните системи . Постои во универзалната декларација за независно судство каде што се предвидува истата формулација и аналогно на оваа формулација имаме предвидено и во хрватските закони, сега имаме предвидено и во српскиот закон и во другите системи. Образложението од универзалната декларација за предвидувањето на ваквите определби следува од при- чини што конкретно при радикална промена на општествено политичкото уредување каде судовите треба да ја извршат својата функција нај- совесно и најправилно во спроведувањето и применувањето на самите законски проекти, а во исто време и учествувањето на градењето на самиот правосуден и правен систем во оние земји каде што се прават тие радикални промени заради избегнување на неправилното судење, односно пречките, неспроведувањето на правните норми како општи правни правила кои треба во иднина да регулираат неодреден број на случаи со исти битни обележја како што ги предвидува нашата дефиниција и либералната дефиниција за законите. Водејќи се од овие постулати на градењето на правната држава и правниот систем се определивме за таквата формулација. Морам да истакнам дека и општо гледано од сите судии во Република Македонија имаше негативни видувања во врска со овој амандман. Врз основа на моите кажувања и на самите интензии на правосудните органи да не се прифати овој амандман му оставам на Собранието на Република Македонија да го каже последниот збор.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас сум да не се поддржи овој амандман. Ова е новина и беше и во експозето на министерот дадено како новина, односно скратено е против фамилијарноста во правосудството. Овој член ја ограничува фамилијарноста. Во последно време овие фамилијарни односи се во разни работни организации и институции многу чести и дури и до таа форма што веќе се создаваат и династии во одредени институции од јавен карактер, од производствен карактер, фамилијарно се заменуваат, одат во пензија, па проста репродукција, па проширена. Правосудството треба да даде пример против фамилијарноста па понатаму од правосудството да ја чистиме оваа фамилијарност по другите претпријатија да дадеме пример. Јас сметам како новина треба да си остане членот 26 во одредбата како што гласи , да се затвори фамилијарноста, бидејќи овој е државен орган и треба да се работи по закон. Кој сака фамилијарно нека се определи за приватен сектор. На пример ако се двајцата брачни другари дипломирани правници, едниот брачен другар може да се определи за друго, бидејќи има и други струки што треба да се обавуваат. Јас сметам да се поддржи. Тоа е допринос и од Собранието, од наша дискусија произлезено по комисиите. Затоа сум против амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Јас го прифаќам новитетот во овој Закон, но постои едно старо правило, ако некој е загрозен во таа фамилијарност има право граѓанинот да бара изземање. Ако бара изземање, тогаш нема потреба некој да смета дека е оштетен со таа фамилијарност, затоа што ист постоеше, а и постои

изземање на предметот од човек кој што смета дека ќе биде оштетен.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Морам да го кажам ова во прилог на судството дека во Република Македонија таков случај сме немале досега, иако процесните закони, поточно членот 71 од Парничната постапка и Законот за кривична постапка предвидува изземање од причини кои сметаат во правилно донесување на самата судска пресуда. Морам да кажам да биде поштено кажано со судиите немаме таков случај. Ние само предвидуваме, бидејќи и основни постулати на градењето на овој правосуден систем како што сега сакаме да го изградиме а тој е превземен од универзалната декларација за независно судство на ОН каде и ние тежнееме да одиме го зедовме ова решение. Јас повторно оставам Собранието да го каже последниот збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, уште кога се расправаше за нацрт законот јас предложив и навистина сум задоволен од тоа како е мојот предлог прифатен од страна на господинот министер и од официјалните предлагачи. Сметам дека треба оваа одредба да важи од причини што главната корумпираност во македонското судство оди по таа линија, татко судија, или не е битно сега кој, одреден член на семејството адвокат и после тоа кругот се затвора и стално имаме добри адвокати кои што ги добиваат процесите, а всушност се знае како оди линијата на подмитување и за жал што нашите претставници од МВР кои што треба да реагираат на тие појави, не реагираат тоа е веќе друг проблем. Сметам дека треба да ги прифатиме овие заложби во овој закон, односно амандманот да биде отфрлен.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 поднесен од пратеникот Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот на член 27 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Отворам претрес по амандманот на член 27, став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?( 12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1 точка 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 31 став 1 точка 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 31 поднесен од

Комисијата за општествено политички

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ**

Владата не го прифаќа овој амандман

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (неколку пратеници креваат рака)

Бидејќи не гласаа доволен број пратеници за амандманот,

констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 31 под несен од Комисијата за општествено политички систем,

Отворам претрес по амандманот на член 38 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров

Молам кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во глава IV од Предлогот на законот за јавниот обвинителства се утврдува дека во јавните обвинителства се вработуваат определен број стручни соработници, приправници и други работници за вршење на стручни, административни, технички и други работи. Амандманот кој што го предлагам се сведува на тоа Собранието на Република Македонија да ги утврдува критериумите за определување на бројот на овие работници, на стручните соработници, приправниците и другите работници во јавните обвинителства и го определува бројот на стручните соработници, приправниците и другите работници во јавните обвинителства. Токму од причини што објективизирањето на критериумите за определување на бројот и на стручните соработници, приправници и други работници во јавните обвинителства би овозможило Собранието врз овие утврдени критериуми однапред да го димензионира и делот од буџетот за овие намени. Што значи Собранието не навлегува во актот за систематизација на работните места , туку ги утврдува критериумите за определувањето на бројот на вработените стручни соработници, приправници и други работници за вршење на стручните, административните и техничките и другите работи. Истото се однесуваше, таква една определба имаме и во законот за судовите во Предлогот на законот каде што критериумите за определувањето на бројот на судиите го утврдува Собранието за да може предвреме за оние области, конкретно за судството кои што се финансираат од буџетот да ги димензионира и потребните средства во буџетот на Републиката. Имајќи го во предвид тоа, предлагам Собранието да го прифати овој амандман со кој ќе утврди обврска на Собранието претходно да ги утврди критериумите за определувањето на бројот на вработените лица во јавните обвинителства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има Туше Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Собрнаието не треба да го прифати амандманот од следните причини што јавното обвинителство, во согласност со членот 106 е само- стоен орган. Утврдувањето на критериумите значи да донесуваме систематизација и организација на самото јавно обвинителство, па оттука сметам дека има критериуми според бројот на обвинителите, стручни соработници и приправници и е лично работа на самото јавно обвинителство да ја организира преку актот на систематизацијата и организацијата. Мислам дека такви критериуми не треба Собранието да определува и мислам дек г ќе падне дигнитетот на ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Тодор Петров.

Точно е дека јавното обвинителство е самостоен орган, меѓутоа не е самостоен орган во било која држава туку во оваа држава Средствата за работа на овој државен орган не зависно што е утврден како самостоен во Уставот ги обезбедува Собранието преку буџетот на државата. Во таа смисла, сметам дека како што е утврдена и обврската во предлогот на законот Собранието да ги утврдува критериумите за избор односно утврдување на бројот на судиите, независно што правосудниот систем и судовите се независни и самостојни, истото право да го има и во поглед на утврдувањето на бројот на вработените во овие оркани односно јавните обвинителства, затоа што бројот на јавните обвинители е веќе димензиониран и утврден со утврдувањето на бројот на основните и иште јавни обвинителства.

Во таа насока сметам дека воопшто не претставува нарушување ан дигнитетот на ова Собрание ако конечно , при утврдувањето на Буџетската потрошувачка за сите инситтуции што се финансираат од  Буџетот на

државата, претходно утврди објективизирани критериуми за бројот на вработените лица во овие институции за да може да се следи и динамиката за потребните средства во Буџетот. Никој не ја нарушува самостојноста, никој во Собранието не го презема правото да им го изготвува општиот акт за систематизацијата на работните места.

Затоа сметам дека е нужно и упатно Собранието со законот да утврди критериуми за утврдување на бројот на стручни соработници, приправници и други работници во јавните обвинителства, да го утврдува со свој акт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 за додавање на нов став 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 8 за додавање нов став 2 поднесен од пратеничката група Илинден слободни демократи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по под- несениот амандман (не го прифаќа)

Владата не го прифаќа овој амандман.

Дали некој бара збор (Никој)

**Б**идејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 за додавање нов став 2, поднесен од пратеничката група Илинден слободни демократи.

Отворам претрес по амандманот на член 39 и 40 став 1 поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање? Кој е за, молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39 и 40, став 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 45-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 45-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 45-а, поднесен од пратеничката група Илинден- слободни демократи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по тој амандман. (Претставникот на Владата не го прифаќа амандманот).

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака? ( 5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање

нов член 45-а поднесен од пратеничката група Илинден слободни демократи.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 46, поднесен од пратеникот Тодор Петров и Пратеничката група Илинден слободни демократи.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 46 поднесен од пратеникот Тодор Петров и пратеничката група "Илинден Слободни демократи.

Ве известувам дека во меѓувреме, во текот на расправата е доставен писмен амандман од пратеникот Исмет Рамадани.

Бидејќи амандманот се уште не ви е поделен, ќе го прочитам.

Во член 21 став 1, алинеја б) по точката 2 се додава нова точка 2-а, која гласи:

"2-а Вишо јавно обвинителство во Гостивар за подрачјето на Вишиот суд - Гостивар"

О б р а з л о ж е н и е

Месната односно територијалната надлежност на Вишиот суд во Скопје ја зафаќа од една третина од Републиката, а согласно тоа и на Вишото јавно обвинителство во Скопје. Сите релевантни показатели одат во прилог на предлогот за основање на Вишо јавно обвинителство во Гостивар односно Виш суд во Гостивар, а пред се просторната и сообраќајната поврзаност на градовите и селата да бидат во надлежност на овие правосудни органи. Покрај ова има и многу други показатели што одат во прилог на измената на член 21 став 1 алинеја б).

Исто така како основано се поставува прашањето за целисходноста од расправата по Предлогот на Законот за јавното обвинителство пред донесувањето на Предлогот на Законот ' законот за судовите па затоа барам расправата по овој да се прекине и да се отвори расправа по Предлогот на закон за судовите.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 на Предлогот на законот за јавното обвинителство, член 21 , став 1, алинеја б, по точката 2 да се додаде нова точка 2-а, на пратеникот Исмет Рамадани.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (41)

Дали има некој против (13)

Дали некој се воздржува од гласање (15)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за јавното обвинителство.

Минуваме на **точката 9** - Предлог на закон за адвокатурата. Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и 0Н0, Комисијата за ОПС и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 5 став 3 и на член 9 за додавање нов став по ставот 1 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 5 став ; со кој се согласила Владата и тој е составен дел на текстот на пред- логот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на насловот, на член 9 став 1, член 14, член 18 став 2 алинеја 4 и на член 24 став, став 3, со кој Владата не се согласила.

Пратеничката група на Илинден слободни демократи поднесе амандмани на член 9 став 1 и на член 24 став 3, по кој Владата не е произнесена.

Комисијата за ОПС поднесе амандман на член 9 став 2, со кој не се согласил претставениот на предлагачот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1, член 4 став 1, член 5 став 2, член 11, член 17 став 1, и член 18 став 2, алинеја 2 и 4 по ко; Владата дополнително ќе се произнесе.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член став 1, за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од пратеникот Тодор Петров на насловот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе. (Владата не го прифаќа овој амандман).

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. (Претставникот на Владата не го прифаќа амандманот).

Констатирам дека претставникот на Владата не го прифаќа амандманот.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе?

(Констатирам дека претставникот на Владата не го прифаќа амандманот.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен од пратеничката група на Илинден - слободни демократи.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по амандманот

( Констатирам дека претставникот на Владата не го прифаќа амандманот).

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1 поднесен од пратеничката група Илинден – слободни демократи.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 и за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Констатирам дека претставникот на Владата не го прифаќа амандманот.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9став 1 и за додавање на нов став 3 по ставот 2  поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од Комисијата за ОПС.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 2 поднесен од Комисијата за ОПС.

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе за амандманот?

Констатирам дека Владата го прифаќа амандманот и претставува составен дел на законот така што нема расправа.

Отворам претрес по амандманот на член 14 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 поднесен од ЗПК.

Молам, Владата да се произнесе за амандманот?

Констатирам дека Владата не го прифаќа амандманот

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 став 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 18, став 2, алинеја 2, и 4 поднесен од 3 ПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Констатирам дека Владата не го прифаќа амандманот.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 2 алинеја 2 и 4 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 18, став 2, алинеја 4, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 2, алинеја 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 3, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 3, поднесен од Пратеничката група на Илинден Слбодони демократи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Констатирам дека претставникот на Владата не го прифаќа амандманот.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 став 3,поднесен од Пратеничката група на Илинден слободни демократи.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор(Никој).

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (50)

Дали име некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето 17.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за адвокатурата.

(Пауза од 13,10 часот)

(седницата продолжи со работа во 13,35 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ги молам пратениците да си ги заземат своите места.

Молам да се договориме како ќе работиме.

Според Информацијата од стручните служби во салата се присутни 78 пратеници. Според тоа, по точката - Законот за судовите не сме во состојба да работиме. Јас ви предлагам ние да продолжиме да работиме по десеттата точка, односно сите останати точки па од моментот кога ќе го обезбедиме потребниот кворум да продолжиме со оваа точка.

Можеме ли да работиме така? (Можеме).

Треба ли да гласаме по овој предлог? (Не треба).

Има збор господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас го ценам предлогот на пот- претседателот Петковски, меѓутоа, треба да бидеме реални а реалноста се сведува на тоа дека и да имаме 80 пратеници овој закон денеска не ќе можеме да го донесеме. Оттука мислам дека треба да се направи еден напор со предлагачот на Законот, да го повлечеме од постапка и да направиме напор за еден договор кога се работи за закони што се донесуваат со двотретинско мнозинство да постои претходен договор за нивно усвојување.

Ова го поврзувам со фактот што овој парламент има една маратонска седница, тоа е 41-та на која што токму поради тоа двотретинско мнозинство не успеа да го донесе законот за грбот на Република Македонија. Оттука ние како пратеничка група, без која  и не е можно да се донесе Законот за

судовите изразуваме спремност на еден договор во врска со донесувањето на законот за грбот и законот за судовите. Од тие позиции предлагам на предлагачот да поднесе предлог за одлагање на расправата по оваа точка од дневниот ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, мислењето на Владата по овој предлог. (Нема проблем).

Претставникот на Владата се согласува со предлогот да биде овој закон симнат од денешната седница од дневен ред односно да се одложи расправата по него за понатаму.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитувано Претседателство, дами и господо, јас не се согласувам со предлогот на Томислав Стефковски, туку да продолжиме, како што предложи претседавачо, потпретседателот Тито Петковски по другите точки од дневниот ред за денешната седница, а воедно да се изврши и прозивка на пратениците што се присутни во овој момент во салата и да видиме дали повеќе пати се отсутни некои пратеници од седницата. Мислам дека имаме обврска, граѓаните избрани пратеници да бидат присутни обавезно на седницата, а својот глас да го дадат онака како што мислат они дека е најправично. Меѓутоа, сега констатираме дека нема доволно пратеници, поради што предлагам да се изврши прозивка и средствата за јавно информирање да ги известат граѓаните, избирачите за присуството на поедини пратеници.

Во иднина ако нема некои побитни елементи за оправданоста на отсуството на седницата пратениците треба да бидат присутни на самата седница. Како што најави претседателот на Собранието на Република Македонија за денешната седница има најавено само тројца пратеници дека ќе бидат отсутни. Каде се другите до 120 пратеници. Мислам дека вака

не може да се работи. Мора да имаме дисциплина и да имаме ред во Собранието. Ние донесуваме устав, донесуваме закони, битни закони за граѓаните, битни закони за Република Македонија, а поедини не ги спроведуваме уставот и законите на Република Македонија, мислам дека правиме пропусти и грешки и не се однесуваме одговорно према она што ни дале граѓаните доверба. Ова не е само на оваа седница, па овие зборови да ги искажам, меѓутоа и на по- веќе други седници кога немаме кворум, а граѓаните ни забележуваат зошто не станете, зошто не кажете дека мора да бидете присутни на седницата и мора да ги решавате интересите на граѓаните, а вие сте отсутни од седницата. Мислам дека тоа е недозволено и не треба веќе да допуштаме, ќе барам секоја седница да се прозива кој е присутен, а кој не е присутен и да го дадат своето оправдување. Ви благодарам, не мислам да дадам предавања, како да се однесуваме, но сепак мислам за нашата одговорност во однос на донесувањето на битните закони во ова време, кога имаме најголеми тешкотии, проблеми во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За овој предлог во некоја друга прилика а сега да го прецизираме предлогот.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Предлогот е да продолжиме по другите точки, а Законот за судовите да го одложиме за утре кога сите пратениците да бидеме присутни на седница. Ако не е можно за утрешниот ден, тогаш првиот нареден понеделник да бидат присутни и да го донесеме законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сакам да ве потсетам дека претставникот на Владата се согласи само со оној дел од предлогот на господинот Стефковски што бараше да се одложи расправата по оваа точка од денешниот дневен ред. А, за другото не е ни надлежна Владата во пакет со законот за грбот, тоа е проблем на сите пратенички групи.

Дали се согласувате овој закон да го одложиме од денешниот дневен ред? (Се согласуваат).

Треба ли да гласаме. (Не треба).

Благодарам, тогаш продолжуваме со десеттата точка, а кога ќе продолжи расправата по овој закон ќе бидете дополнително известени.

Минуваме на **точката 10** - Предлог на одлука за изменување и дополнување на одлуката за основање на постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот. Предлагачот на одлуката, извештаите на Законодавно - правната комисија и Комисијата за општествено - политички систем и мислењата на Владата ви се доставени.

Комисијата за општествено- политички систем не го прифати Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот и предлага Собранието да не расправа по него.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Законодавно -правната комисија поднесе амандмани на член 1 и член 3 во новиот член 4-6, со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака?(59).

Дали има некој против (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (5).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните.

Минуваме на **точката 11** - Предлог на одлука за формирање на Одбор за одбележување и прослава на 100-годишнината од основањето на ВМРО.

Предлогот на одлуката Ви е доставен. Отворам претрес.

Предлагачот, Владимир Голубовски поднесе амандман на точка 1 и тој е составен дел на Предлогот на одлуката.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман за додавање нова точка 2.

Го молам предлагачот на предлогот на одлуката да се произнесе.

(Не е тука).

Бидејќи предлагачот не е тука да ја поместиме точката понатаму.

Минуваме на **точката 12** - Информација за разговорите водени помеѓу Владата ПДП-НДП и претставник на Европската заедница.

Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство ја разгледа Информацијата и предложи Собранието без претрес

по Информацијата да го усвои заклучокот кој е содржан во Извештајот.

Го молам известителот на Комисијата да го образложи Предлогот на Комисијата.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господо, ќе беше убаво да разговараме по Информацијата од Владата за разговорите водени во Женева,па и на други места како во Охрид и Скопје меѓу претставници^ на Владата на албанската националност во Република Македонија и претставници на Европската заедница, поточно претставници на Конференцијата за бивша Југославија.

На комисијата тој материјал го разгледавме, поминаа повеќе од 45 дена оттогаш, можеби 50 дена се во прашање и за известител заклучивме, а и во извештајот е напишано дека е пратеникот Алил Џаферовски. Со оглед на тоа што во меѓувреме Владата постојано има вакви контакти јас мислам дека поцелисходно ќе биде оваа расправа да ја одложиме малку за подоцна од дневниот ред, а да добиеме и посвежи информации за тоа што е разговарано и за кои точки. Инаку, мене ме изненадува тоа да и самиот материјал односно предлогот, или извештајот од Комисијата не е многу присутен тука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Но, господине Бошков Комисијата предлага оваа информација да не се разгледува односно без претрес а да се усвои само заклучокот.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Тоа беше став на Владата, а јас велам во меѓувреме. Ова е состојба незнам од кој ден, дали тука се наведува, 5 ноември 1992 година. Тоа се

веќе 40-45 дена. Во меѓувреме имаше дополнителни контакти, дополнителни средби и јас мислам дека редно е да сме запознаеме и со тоа и потоа да ги прифатиме заклучоците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас го имам овде извештајот на Комисијата од 5 ноември во кој што децидно стои "врз основа на расправата Комисијата со мнозинство гласови предлага Собранието на Република Македонија без да расправа по оваа информација да го донесе Заклучокот".

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, оваа точка на дневен ред е по барање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е неспорно и самото нејзино ставање на дневен ред има одредена цел. Доколку не би се водела расправата целта за ставање на дневен ред не би била завршена. Оттука сметаме дека предлогот на Комисијата е неприфатлив и за судбината на точката на дневниот ред одлучува оној што ја предложил точката. Во тој случај е пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и треба да продолжи расправата токму по оваа точка на дневен ред, а тоа е информацијата за разговорите водени меѓу претставниците на Владата, на партијата ПДП-НДП и на Работната група овластена од ЌЕБС. Оттука извештајот ние не го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, имаме два предлога. Господини Бошков предложи да се помести односно да се одложи расправата по оваа точка, а господинот Стефковски предлага да отвориме расправа по оваа информација.

Бидејќи на господинот Бошков беше прв предлогот го ставам на гласање тој предлог.

Господин Наумовски бара збор.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Бидејќи и мојата партија имаше иницијатива по истата точка, а во исто време немаме и претставник на Владата односно министерот за односи со странство и министерот Фрчковски не се тука, исто така се залагам да се одложи расправата по оваа точка.

Молам, кој е за овој предлог, бидејќи имаме два предлога да се произнесеме, ако не се повлекува предлогот на господин Стефковски.

Кој е за предлогот да се одложи од денешнава расправа оваа точка молам да крене рака. (43 пратеника).

43 пратеника се за одлагање на оваа точка од дневниот ред. Според тоа, за неа ќе расправаме на некоја од наредните седници на Собранието.

Минуваме на **точката 13** - Информација за состојбата и статусот на бегалците од Босна и Херцеговина во Република Македонија.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави информација за пристигнатите хуманитарно- згрижени лица од републиките на поранешна Југославија во Република Македонија и Информација за добиената и распределена помош на бегалците од Босна и Херцеговина со Предлог да се разгледаат на затворена седница.

Доколку Собранието одлучи овие информации да бидат разгледани на отворена седница, со оглед на податоците што ги содржат по ова прашање ќе биде дадено воведно излагање од претставникот на Владата пред Собранието.

Според член 70 став 2 од Уставот на Република Македонија Собранието треба да одлучи дали ќе работи без присуство на јавноста со

двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Кој е за предлогот Собранието да работи на затворена седница молам да крене рака.

Ние немаме ни можност да расправаме фактички, бидејќи немаме 80 пратеници во салата.

Немаме друго освен и оваа точка да се одложи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точката 14 - Информација за состојбите во студентскиот стандард во Република Македонија, со предлог на мерки.

Информацијата, со предлогот на мерки и извештаите на Комисијата за образование, наука и култура, Комисијата за труд и социјална политика и Предлогот на заклучок ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

**ЦВЕТКОВСКИ..... :**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, еден од проблемите кој не само во текот на нашиот мандат, уште од порано се провлекува е проблемот на младите кои да не кажам се наоѓа во однос на другите проблеми во Републиката во разрешување на периферијата, не само за студентите,туку за целата средношколска и претшколска младина.

Конкретно за проблемите на студентите сакам да го кажам следното, покрај дадените заклучоци од страна на Комисијата за труд и социјала. Пред се, вие и сами знаете дека и донесените и не- донесените закони во овој процес на трансформација на политичкиот и економскиот систем направија поправо една вакум состојба во разрешувањето на проблемите на младите било тоа на младите во претшколска возраст, школската, студентската и да се надоврзам и проблемот на младите кои не се вработени. Меѓутоа конкретно учествувајќи во дискусијата за проблемот на студентите сакам во неколку точки да го изнесам.

Прво, проблемот на младите во однос на степендиите и кредитите сеуште ни оддалеку не е разрешен. Не е само проблемот во тоа

стипендиите и кредитите кои им се даваат на студентите се симболични, туку во тоа што пооделно по општините ни оддалеку не се задоволува бројот на дадените кредити, така да во однос на тој проблем треба Владата да преземе соодветни мерки. Понатаму проблемот на сместувањето, стандардот на сместените простории, студентските домови да кажам е повеќе од поразителен. Не само заради тоа што во собите каде што живеат и учат студентите се во поголем број сместени, туку се работи за простории кои не се соодветно направени и кои за живеење ги нема ни најелементарните услови. Ги нема потребните училници, спортски и други простории итн. кои одат во склоп на едно нормално живеење и причина за ефикасно студирање на студентите.

Проблемот на исхраната е исто така доста изразен и тоа за несреќа не само кај студентите кои се сместени по домовите, тие каков таков оброк имаат меѓутоа према анализите на нашите стручњаци тие се оброци кои што ни минималните потребни калориски вредности не ги задоволуваат. Овој проблем е далеку поизразен кај студентите кои не се сместени во домовите и мислам дека во рамките на дадените заклучоци треба пред се да се земе тој проблем предвид да се овозможи на студентите кои не се сместени во домовите да имаат право на исхрана во студентските мензи, квалитетот на исхраната да се подобри квалитетно и квантитативно, а што е најважно дотацијата од страна на Републиката, имајќи ги предвид и стандардот на родителите и на студентите да се подобри.

Понатаму, нешто што е исто така многу проблематично во однос на стандардот на студентите во нивното учење и живеење е во тоа пратните трошоци не само во локалното движење во град Скопје и во другите центри

каде што постојат факултети и врските меѓу внатрешноста на студентите е испод секоја критика. Мислам дека и тука треба студентите да имаат соодветна дотација со тоа што ако вие знаете дека во два правца патување на при. за Кр. Паланка и пооддалечените места е 10 илјади јасно е колку можат вакви студенти нормално да студираат.

Проблем исто така на студентите се недостатокот на учениците. Тие учебници ки ги поседуваат студентите се многу скапи, така за посиромашните студенти книгите се недостапни, мора да се служат со прибелешки, на тој начин тоа се одразува на временскиот период на времето на траењето на студиите.

На крајот сакма да кажам и тоа дека еден од можеби од најсериозните проблеми кои како лекар го согледувам во својата работа е тоа што спортските објекти поправило се дефицитарни скоро во сите студентски домови. Тоа е нешто во денешниот момент кога ние имавме една можност за ослободување на простори од страна на армијата која си замина од тука, постојат реални можности дел од тие простории да се дадат на студентите, да им се оспособат спортски објекти и постојните спортски објекти кои што се во градот да бидат бесплатни во одредени временски периоди користени од студентите. Така да на тој начин здравјето на студентите да го порапвиме. Ова не само поради тоа, туку спортувањето на студентите која создава здрава популација итн. е јасно евидентна во н ашите лекарски комисии во текот на регрутирањето на младите, а да не кажам дека податоците кажуваат во однос на деформитетот на екстремитетите, на слабоста на популацијата е така речиси поразителна. И ова еден проблем кој треба сите нас да не трогне и поради тие причини треба најсоодветно да се разрешува.

Исто така како пред малку што кажав во однос на исхраната, јас можам да кажам како лекар дека студентите, не само тие кои се сместени во домовите, туку и оние студенти кои за несреќа во многу неповолни живеат, ако во однос на исхраната, така и во однос на сместувањето се проазителни. Ние имаме студенти кои од внатрешноста уште не завршиле студии и се регрутираат како хронични заболени од безброј болести а посебно од болестите на пробавниот тракт, појава на чиреви на желудецот, на цревата итн. Тоа е нешто кое треба сите нас добро да не обврзе, да не ангажира сестрано да се залагаме, за да еден кога тие луѓе ќе дојдат на работни места да не ни вратат како бумеранг со иста мера.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Јас не би расправал тематски, бидејќи во подготовка на оваа точка ние немаме никакви информации егзактни така да кажам на кој степен и со кој студетнски стандард денеска располага Републиката и оттука не гледам потреба такви заклучоци да се носат. Мислам дека односот кога Парламентот расправа за некоја конкретна област каде треба ангажман, финансии итн. ,вакви задолжувања кои што ние ги упатувам ена Владата, тоа никого не обврзува. Ние требаше обратно. Од Владата да добиеме мерки во функција на заштита и унапредување на тој студенски стандард. Вака со паушални заклучоци што се може и во која област да се порави студентскиот стандард, мислам дека со години ги носат собранијата и од тоа нема ништо досега.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (мнозинството пратеници).

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Бидејќи предлагачот на Одлуката по точка 11 е тука јас ви предлагам да се вратиме на точката 11. Тоа е предлог на одлука за формирање на одбор за одбележување и прослава на 100-годишнината од основањето на ВМРО.

Предлагачот Владимир Голубовски поднесе амандман на точка 1 - и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман за додавање нова точка 2 -

Го молам предлагачот на Предлогот на одлуката да се произнесе.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Што се однесува на амандманот во ВМРО-ДПМНЕ за точка 2 се согласувам и воедно сакам да продолжам во врска со Предлогот да укажам на некои моменти. Прво, сметам дека треба надвор од сомневање да биде определбата што се содржи во образложението се што е во врска со ВМРО, особено онаа изворна 1893 година како идеа е сопственост на секој Македонец и сега и во иднина. И да укажам ан фактот  дека меѓувреме како

материјал ви стигна и едно писмо до Матицата на иселениците на Македонија кои што исто така даваат поддршка во таа насока и трето е она што сакам да укажам е фактот дека скоро сигурно сум убеден наредната година Република Македонија ќе ги оствари сите стратешки национални цели, вклучувајќи и прием во Обединетите нации, па тоа ќе биде еден добар момент, еден таков јубилеј со оглед дека во Република Македонија има и политички партии со тоа име да се даде можност на комплетно преиспитување на сите партии што го носат тоа име што понатаму во однос на името и затоа би посакал целосна поддршка од Парламентот и од другите политички партии да го поддржат овој предлог и Република Македонија државно да го обележи овој национален историски ден.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се извинувам, независно што предлагачот на одлуката се согласи со овој амандман, јас барам една помош од ЗПК дали можеме со одлука да создадеме обврска за донесување на закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Малку е незгодна работата што со оваа одлука треба да донесеме заклучок да се донесе закон, меѓутоа за оваа марка веќе постои процедура да се стави во оптек и Законот е во изработка. Би направиле двојна работа. Јас мислам дека попринципиелно и подослед но ќе биде тоа со закон да се регулира и наеднаш да се реши, а Законот е секогаш појака форма од одлуката, затоа мислам така треба да биде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи ли тоа пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ го повлекува амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Такво овластување немам, меѓутоа само кажувам начелно што треба да биде. Инаку, овдека дали пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го повлече амандманот или не за тоа место ниту сум разговарал, ниту имам такво овластување така да кажам.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Сакам да го објаснам во смисла дека ние донесовме амандман со цел да се обезбеди издавање на една поштенска марка во чест на 100 години од основањето на ВМРО и оние констатации што ги направив- ме ни укажаа дека марките се издаваат со закон. Оценивме дека треба во нашиот предлог на амандман да стои формулацијата дека Собранието ќе донесе закон.

Доколку Собранието оценува дека веќе со самиот амандман ако се создава обврска за издавање на марка во чест на 100 години од основањето на ВМРО иако нема потреба во законот да стои ќе донесе закон Собранието, јас овие зборови ќе ги повлечам и во таа смисла во текот на денешниот ден ние и поднесовме конкретен закон за издавње на дополнителна марка во чест на 100-годишнината од основањето на ВМРО. Мислам дека нема никаков проблем да остане во текстот Собранието ќе донесе закон за плаќање дополнителна поштенска марка за 100 години од основањето на ВМРО. Не знам зошто се јавува проблемот дали со одлука може се налага донесување на закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега има смисла.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Во оваа смисла која што јас ја изнесов веќе ние ја утврдуваме обврската, а таа е дека само со закон се донесува поштенска марка во тој случај ако се подразбира дека не треба да стои во нашиот амандман овој

дел Собранието ќе донесе закон, туку ќе издаде марка во чест на 100-годишнината итн., задачата исто така ќе биде извршена дали со овој текст што го предложивме или со исфрлање со текстот Собранието ќе донесе закон во смисла на ова што го рековме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Можам ли да заклучам дека го модифицирате амандманот.

**НАЌЕ СТОЈАНВОСКИ:**

Еве уште еден доказ на кој начин сме ние магионичари за да работите ги направиме и ги изврtиме на начин за кој би требало на некој начин да се срамиме. Точката на дневниот ред е одлука за формирање на одбор за прослава на 100-.годишнината од формирањето на ВМРО. Тука треба да се застане каде што има целосна согласност а тој одбор ќе си ги преземе сите задачи што треба да ги набележи со програма во која сметам дека идејата за издавање на марка би била една од активностите за кои треба тој одбор на каже. Ваквиот пристап сметам дека е сепак од преголемата желба на некој начин да се учествува да се истакне. Но ние ќе имаме можност тоа да го направиме, веројатно, со иницирање на овој предлог од предлагачот што го има да се искажеме и активно да учествуваме сите во Република Македонија во активностите што треба тој одбор да ги дефинира. Мислам дека само таков треба да биде пристапот кон тоа прашање.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Со оглед дека не беше сосема јасно речено дека се повлекува амандманот во тој дел или не, извлеков да кажам дека Ја се востановува обврска на Собранието да донесе закон не може да се прави со одлука. Собранието донесува одлуки врз основа на Уставот на Република Македонија. За таа работа има уставен основ.

Според тоа, ако предлагачот сака да ги зајакне позициите, прејудицира дека некој ќе донесе закон, тоа е друго прашање, тоа е во областа на политиката, не е во областа на правото.

Тоа што треба денес да се направи тука, ако се изгласа одлуката, да се формира одборот за одбележување, а одборот како што беше тука речено ќе каже, ќе предложи, а ова собрание ќе донесе или нема да донесе. Меѓутоа, денес да се тврди дека ќе се донесе или да донесе, мислам дека предлагачот не е во право да инсистира да остане амандманот, туку едноставно тој треба да се повлече како непотребен, како одвишен, затоа што нема таква потреба. Основ има во Уставот на Република Македонија Собранието донесува закони, точка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој) Веројатно дека господинот Стевковски се обиде да го прецизира амандманот, да го модифицира во смисла во вториот дел каде што се говори дека ќе донесе закон да се избрише. Меѓутоа плаќањето на доплатна поштенска марка се врши фактички со обврска за плаќање се врши со закон, не може со одлука. Според тоа, ние можеме да одиме на гласање, но добро беше да ги расчистиме овие работи и да внимаваме на законитоста.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Без да бидам сфатен погрешно од ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи незнам дали држи да бараме пауза за консултација сметам да не се доведува во еден амбиент подруг идејата за одбележување на 100 години на ВМР , 6и

замолил тие да се откажат од амандманот и тоа да оди со законот како што е доставен во нивниот предлог, заради тоа што беше укажано дека постои целосна согласност еден таков одбор за прослава да се воспостави со изгласување одлука денес, а дали постои, сега се извинувам, таква спремност од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Доколку не постои таква спремност, јас ја откажувам согласноста за амандманот и тогаш останувам на предлогот во чиста верзија само со точка 1.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, предлагачот не го прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова точка 2, поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

24 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен за додавање нова точка 2, поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Продолжуваме со претрес по одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (9 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за формирање одбор за одбележување и прослава на 100-годишнината од основањето на ВМРО.

Преминуваме на **15-тата точка** - Барање на пратениците Алил Џаферовски, Панче Минов и Џелал Таири за измена на одлуката за основање на повремена комисија за испитување на околностите околу протесните собири во с. Куклиш, Радовиш и Скопје и заради сменување на раководителот и за определување на рок за доставување на извештајот на Собранието.

Барањето ви е доставено.

Ве известувам дека комисијата за прашања на изборите и именувањето го разгледа барањето на пратениците и утврди предлог на одлука за изменување на одлуката за основање повремена комисија за испитување на околностите околу протесните собири во с.Куклиш, Радовиш и во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Бидејќи на една од седниците беше речено дека истата комисија ќе врши испитување на проблемите за Дебар мислам дека треба да стои и Дебар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да се изјаснат предлагачите на одлуката.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Сметам дека треба да се прифати не само Дебар туку и Струга, бидејќи пратеничката група беше и во Дебар и во Струга.

**РИСТО КЕЛЕШОВ:**

Почитувани пратеници, не навлегувајќи во анализи за оправданоста или неоправданоста за промена на раководителот на повремената комисија за испитување на околностите околу протестните собири во Куклиш, Радовиш и Скопје, Сакам да укажам на две состојби

Прво, како член на комисијата ниту сум консултиран, ниту сум во групата пратеници иницијатори за промена.

Второ, бидејќи периодот од конституирањето на комисијата до евентуалното поднесување на извештајот е непримерно долг, сметам дека оваа промена нема да ја ублажи состојбата, ниту пак со евентуалното поднесување на извештајот од комисијата, без разлика на промена на раководителот, повремената анкетна комисија ќе ја постигне целта заради која беше конституирана од ова собрание, бидејќи и утре да го поднесеме извештајот ќе бидеме многу далеку од актуелноста на состојбата и од задачата која што беше претставена пред нас како времена анкетна комисија.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Пред да се изјасни Собранието за поднесената одлука од страна на комисијата за избори и именување, сакам да дадам само еден краток коментар во врска со образложението по предлогот кој што го поднесоа пратениците Панче Минов, Алил Џафероски и Џелил Таири како членови на оваа комисија. Имено во истата се наведува следното:

"Свесни за одговорноста како пред Собранието на Република Македонија така и пред граѓаните на Република Македонија истакнуваме дека сите игри и манипулации за недовршувањето на работата на комисијата треба да се побараат кај раководителот на комисијата, бидејќи

одговорот на неодговрените прашања и дилеми ги знае токму нашиот колега, пратеникот Петров.

И бидејќи некој мисли дека ги знам, јас би сакал да дадам некои одговори.

Одлука за основање на повремената комисија за околностите околу протесните собири во с.Куклиш, Радовиш и Скопје беше формирана на седницата на Собранието од 2 април а со посебен заклучок што е оправдано реагирањето на пратеникот Ајдарага од 13-ти мај надлежностите на Комисијата односно повремената комисија беа проширени и за преиспитување на околностите и причините што довеле до употреба на средства за присила од страна на припадниците на МВР во врска со настаните од 15 април 1992 година во Дебар.

Најголема моја вина како раководител на оваа повремена комисија не е во тоа што работата не ја завршив, туку во тоа што сакав да се состане комисијата во полн состав како што работеше во испитувањето на сите случаи, за да можеме едногласно да ги поднесе, утврди и да ги поднесеме на усвојување пред Собранието со предлог- мерки. Од мене се бараше да ја известам јавноста и Собранието зошто повремената комисија не е во состојба да ги донесе и утврди извештаите, меѓутоа, за да го заштитам пратеничкиот дигнитет на тие што не доаѓаа на седниците на комисијата, по цена на критиките што беа упатувани на моја сметка, воопшто не го покренав тоа прашање и изгледа како благодарност тие заради кои не работеше комисијата, за мене бараат сменување од истата. И нека е така, меѓутоа, сепак и од нивна страна не е чесно. Барањето за сменување на независниот пратеник од раководител на повремената комисија за испитување на околностите околу протесните собири во с.Куклиш - Радовиш, Скопје и Дебар по барањето што е презентирано за дневниот ред

на оваа седница го сметам за  неосновано од причини што токму пратениците Џафероски и Панче Минов беа тие кои не доаѓаа на седниците на повремената комисија.

Ја користам можноста да го информирам во оваа прилика Собранието дека повремената комисија е свикана на 14-ти април на 20-ти мај, на 23-јуни, на 25-јуни, на 15-јули и никогаш не одржа состанок бидејќи немаше кворум за работа. Најнередовни беа пратениците кои го бараат моето сменување.

Исто така, морам да укажам пред Собранието дека најредовни на сите состаноци беа токму пратениците Стоиле Стојков и господинот Џелил Таири. И наместо јас да барам нивно сменување на тие што беа нередовни, штитејќи го нивниот дигнитет, тие се најдоа во улога да бараат мое сменување, што е сосема чудно, освен ако не се работи за смислено однесување, комисијата да не ја заврши својата работа, а сега пред јавноста да се собираат поени. Сепак, имајќи предвид дека притисоците односно барањата и од јавноста и од ова собрание беа истакнувани на повеќепати, комисијата да поднесе извештаи, лично како раководител на 28 јули, што е евидентирано преку архивата, овие датуми не ги измислив сам ги поднесов пред Собранието белешките од водените разговори со сите странки со кои што повремената комисија разговараше. Водените разговори во овие белешки ги изготви стручниот соработник и истите ги доставив на 28 јули во архивата, меѓутоа, за мене од непосредни причини не се доставени до пратениците. Тоа морам да го направам лично како раководител без предлог на мерки, што ни беше и една од задачите, бидејќи комисијата не се состануваше со потребниот кворум и не сакав да го сносам ризикот сам раководителот да го предлага извештајот и мерките.

Меѓутоа, пред да се изјасни Собранието предлагачите сами треба да си дадат објаснување пред ова Собрание за нивната нередовност и блокирање на работата на самата комисија. Извештаите од моја страна се напишани, беше потребно само да се разгледаат, усогласат различните оценки, бидејќи некои пред да тргнеме на терен беа со познати убедувања и заклучоци каков е епилогот на тие протестни собири, да се усвојат и препратат до Собранието. Во функција на тоа и вчера и денес повторно ја свикав комисијата и повторно беа пресудни само пратениците Стоиле Стојков, Џелил Таири и Петров Тодор со присуство и на Бранко Арсовски повремено, останатите предлагачи на оваа одлука повторно не дојдоа. Собранието нека си одлучи само, јас ако имам обврска лично како раководител сам ќе ги поднесам предлог- мерките што јас сметам по моја оценка дека одговараат за тие протестни собири, независно дали настаните беа пред повеќе месеци, актуелноста на проблемите е сеуште присутна заради тоа што истите протестни митинзи, а верувам можеби идни евентуални произлегува заради системски неусогласености во функционирањето на државата без постоење на соодветна законска регулатива.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, мислам дека раководителот на групата Тодор Петров, формирана за извршување на оваа задача, пред мои очи го имам како човек достоен, принципиелен кој што сепак сака да ги спроведе оние задачи кои се поставени. Јас незнам зошто досега не го извести Собранието за ова што го изнесе денес. Една замерка лично од мене, да не ми се замери од страна негова зошто не е тоа дадено, бидејќи оваа работа беше итна што требаше да се направи и пак му замерам зошто информацијата односно извештајот во писмена форма како претседател има право да го поднесе со сите овие недостатоци кои

биле и во текот на работењето, па притоа покрај останатото да наведе кога биле состаноците закажувани и кои пратеници не биле присутни за извршување на оваа задача. Мислам дека, без разлика на одлуката што ќе ја донесе Собранието, во писмена форма господинот пратеник Тодор Петров има да поднесе до Собранието, и Собранието да даде оценка за оваа работа што е не само за пратеникот Тодор Петров, туку и за другите пратеници кои биле уредно поканувани а не биле присутни за извршувањето на оваа задача. Мислам дека оваа недисциплина од одделни пратеници што настанува и на самата седница, како што реков и пред малку, и понатаму не треба да се случува заради тоа што е од интерес на граѓаните. Јас не се впуштам во проблемите кои настанале, се впуштам во проблемот на комисијата што не дала извештај и да ја известиме јавноста за состојбите какви се. Излегува дека овие работи некој ги прикрива, дека некој ги спречува да не се извршуваат навреме заради други политички пресметки. Меѓутоа, еве дознавме денес дека тоа е само од недисциплина на Комисијата. Ако е така, ако го земеме за веродостојно на излагачот, а нема причина да не го земеме излагањето на Тодор Петров комисијата уште утре да се состане наредниот ден, до понеделник да ни поднесе извештај за овие состојби ако е подготвена, а да не вршиме измена ако е тоа така. Ако пак се утврди од членовите на комисијата односно групата дека ова се невистинити работи, тогаш да се промени претседателот и нова комисија да ги утврди состојбите и да поднесе извештај.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, колку успеавме ние како комисија да работиме на оние задачи кои ни ги доверивте докажува и времето кое беше спомнато пред малку, тоа беше 2 април 1992 година и со право, јас не им

забележувам на службите што ги заборавaaт да ги напишат и задачите, како што реагираше и господинот Ајдарага дека беше и за Дебар. Мислам дека толку ја одолговлекуваме работата што ги заборавивме и нашите задачи. Тоа сакав да го кажам како прво.

Второ, точно е дека ние работевме и бевме некаде при крај да ја извршиме целокупната задача која ни беше доверена. Меѓутоа, одеднаш оваа работа спласна така што до ден денес овој извештај не можевме односно не ви го доставивме како таков. Јас џабе што бев на одреден начин пофален дека постојано бев најредовен на седници, меѓутоа, кога работата не ја извршивме, тогаш таква пофалба и не ми треба.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Кои се причините, мислам да не должам, сметам дека во едно со господинот Петров не можам да се согласам, а тоа е сепак како раководител на Комисијата неможно е од 2 април до 16 декември барем да го известеше ова Собрание за нередовноста на членовите, ако го имало како такво, меѓутоа, јас знам дека во добар дел на тие разговори учествувавме и она што сакам како второ да го кажам е и тоа што како предлог што го дадовме ние овде не е точно дека не беше консултиран господинот Гештаковски, тој самиот реагираше на тоа и на крај само да потсетам ако не беше претседателот на ова Собрание да не свика за обврските и задачите кои ги презедовме, а тоа беше на 26 октомври 19 92 година не ќе можевме и ова барање да го направиме, Значи, тотално изумре работата околу тоа. Што е во прашање незнам, меѓутоа, лично сметам дека причините треба да ги бараме како и во информацијата односно Извештајот на Владата што го чекаме толку време за настаните на Бит-пазар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, личноста Тодор Петров на сите ни позната не само во Парламентот, туку и во целата наша македонска држава.

Ако сакаме да го девалвираме како личност, нема да ни успее. Предлагам да си остане Комисијата и ги молам двајцата пратеници кои беа избрани во таа комисија да бидат поредовни и да си ја завршат својата работа, никакви промени во однос на таа Комисија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Тиме Андонов

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувани пратеници, вие сите знаете дека Комисијата ја формиравме на 2 април и тоа Комисија за решавање на прашања многу актуелни и многу итни од итен карактер и беше речено дека Комисијата треба да даде извештај за наредната собраниска седница. Тоа е едно.

Сега ова што се прави, мислам дека не е во ред, сите знаете дека на секоја седница ова прашање го поставував кога се усвојуваше дневниот ред, а малку седници имавме кога усвојувавме дневен ред, бидејќи имавме многу промени, промена на Владата и многу поактуелни прашања и така прашањето се влечка до сега.

По мене, заклучувам дека е во прашање политичка игра, бидејќи и граѓаните и тутунопроизводителите и некои учесници од политичките партии и полицијата беше тепана, а народот вели тепаниот е тепан, но на крајот не треба да дозволиме (општа смеа ; во салата) ова да остане без завршеток, без крај, без изјаснување, без давање на податоци на Комисијата од испитувањето на околностите. Малку погрешно ме разбравте, но мислам дека е така. Мислам дека не беше смешно, туку е токму така. Лично не можам да осудам ни еден пратеник ниту членови на Комисијата, но некој има виновен. Така и за колегата Тодор Петров ќе речам дека ова беше многу важно прашање и требаше итно да се даде известување, а колегата, за да се огради, ако имал такви проблеми требало веднаш да свика конференција за печат и да ја информира јавноста да каже кои се причините зошто нема извештај во најбрз рок.

Сега, со предлозите дека ова има изгубено од актуелноста уште повеќе се пролонгира и сака целосно да се заборави, да нема некаков извештај.

Мој конкретен предлог, бидејќи колегата Петров не може да се пере на некој начин, Ќелешов, како што е предложен од Комисијата, треба да остане за претседател, како што е предложено, и за наредната седница да имаме извештај од Комисијата. Мислам дека фактите никогаш не губат, како и да е, кога ќе расправаме за оваа точка ќе излезат сите аргументи на видело.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Прво, сакам да расчистиме една работа и да имаме на ум дека оваа пратеничка група имаше раководител. Оттука треба да се поаѓа.

Второ, би сакал господинот Петров да даде докази кога ги свикувал тие состаноци на парламентарната група со исклучок на два пати кога по три-четири часа, тука се стручните соработници, тоа можат да го кажат, го баравме низ Собранието, па испадна не било во 11 часот, туку во 13 часот закажано и просто се изгубивме.

Ви се молам, верувам дека никој нема да му поверува, нека ми прости, дека за 8 месеци господинот Петров, таков каков што го дал господ, доколку сакал да биде завршена оваа работа ќе ни дозволел нам да не бидеме активни и да не доаѓаме на состаноци. Мислам де- ка оваа работа е декласирана и не само во оваа сала, туку никој во Македонија ова нема да го поверува, бидејќи господинот Петров доколку сака е педантен, упорен и до крај оди на работите. Ако може во последната секунда пред усвојување на одреден закон да поднесе амандман, не можел да не собере за 8 месеци, таа работа нема врска.

Имено, господинот Петров исто така не кажа дека на поставените барања на господинот Тиме Андонов зошто нема извештај од Комисијата одговараше дека Комисијата чека извештаи од СОК, од овој, од оној и покрај нашите забелешки дека оваа комисија, оваа парламентарна група нема ингеренции на истражна комисија, туку е анкетна комисија - повремена и натаму се одеше на барање на информации од СОК, од овде од онде се со цел да се пролонгира времето и испаднаа виновни тие сега што се само членови во таа комисија, тие кои инсистираа по разговорите во Дебар да се остане вечерта, бидејќи времето беше лошо, наредниот ден сабајле, тука се сите членови и не треба да дозволат доколку ова не беше вака да дозволат да се кажува и треба да биде демантирано. Наредниот ден да се седне и да се расчисти, да дадеме извештај односно да го изготвиме извештајот и да ги согледаме нашите мислења. Веројатно не мислевме сите исто, некои беа предодредени де- ка некој однапред треба да виновен, а ние немавме такво право, можев- ме да бидеме со поделени мислења, тоа воопшто не е битно, но вистина- та е дека намерно или ненамерно, јас не знам, но знам сигурно дека членовите на парламентарната група беа фрлени малку на страна и се бараа разно - разни извештаи и не се одржа ниту еден состанок по враќањето од Дебар како последен разговор. Буквално ниту еден со исклучок на оваа покана која е добиена вчера за утре да се одржи состанок. Јас друг писмен документ немам, доколку господинот Петров има доказ дека јас имам добиено било што сакам да го покаже. Тоа е едно.

Господинот Петров исто така не кажал дека на покана со телеграма на претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Андов бевме повикани тука да бидеме запрашани зошто не ја завршивме работата. Не дојде господинот Петров, не беше присутен на тој состанок од, за нас, непознати причини и практично ништо не се договоривме.

Во неможност да го натераме да се свика тој состанок, а имаше милион пати можност и кога сме на седници, тука нема вадење, ние сме инсистирале дајте сега на пауза и по седницата неколкумина од нас да се заврши оваа работа, но било ескивирано или имал поважни работи околу изготвување на амандмани и слични работи и затоа не може сега ние да бидеме виновни. Чесно е господинот Петров да си ја признае грешката и да се повлече и одлуката која е поднесена од Комисијата за избори и именувања да ја усвои ова Собрание. Никој не го деградира ни- ту го црни господинот Петров, ова е вистината за која нема спротивни аргументи. Ако сакаме да измислуваме одредени работи, тоа е друго прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Јас како потписник на барањето морам најпрвин да кажам, бидејќи овде беа искажани и такви оценки дека со ова барање имаме нешто против личноста на пратеникот Тодор Петров, дека јас како негов ко- лега спрема него лично и посебно спрема дигнитетот на неговата личност немам баш ништо.

Сметам дека сето ова што како аргументи колегата Петров ги искажа во против напад на нас како носители на барањето се многу сиромашни и покрај неговите големи ораторски способности овде тоа да го искаже кога наспроти тоа ќе се спореди дека работата односно задачите и целите на Комисијата за што беше основана не се досега извршени во овој долг временски период.

Простор за наведување ∧·а аргументи на против напад на господинот Петров сигурно даваат и празнините што се заради тоа што со одлука на Собранието за основање на Комисијата не се даде тој рок за поднесување на извештај што инаку сега се бара. Исто така, не се водени записници за консултација кога не се одржани свикуваните седници и тие свикувани седници, што кажа претходниот дискутант, сите до една се свикувани усно. Така што документ за тоа не постои.

Јас се согласувам со тоа дека господинот Петров можеби свикувал седници, но тој не одговори дали на така свиканите усни седници тој самиот присуствувал во зградата на Собранието. Тој можел да свика усна седница, но во најголем број случаеви тој или не беше тој ден во Собранието или тој период на време на закажаната седница беше отсутен. Оградувајќи се од намерите лично да се пресметувам во однос на ова прашање со господинот Петров, единствена цел што ме поведе за потписник на ова барање беше тоа навистина таа активност на Комиси- јата, за што јас не се согласувам дека Комисијата не работела, туку нејзината работа што требаше да се финализира со изготвување на тој извештај да се направи од едноставна причина да може Собранието преку разгледување на тој извештај да ја оствари и својата функционална надлежност, а тоа е спрема оние органи спрема кои Собранието може да врши политичка контрола во случај на утврдување на вистината и правичноста да преземе соодветни мерки. Таму каде што нема таква функција со евентуални препораки и сугестии да ги задоволи очекувањата сега веќе сигурно девалвирани оти од неактуелноста на овие настани на граѓаните кои беа актери на сите овие настани и кои сигурно во нивна функција го поднесовме ова барање ја очекуваат правдата и ја очекуваат вистината, а со ваквите наши однесувања ние ги ускратуваме ете преку Собранието да се утврди правата вистина, да се донесат соодветни мерки спрема органите на управата, бидејќи во најголем

број на вака настанатите случаеви беше употребена сила, тоа е основната поента, онаму каде што Собранието нема ингеренции со соодветни препораки да се насочат активностите за докажување на вистината за изнаоѓање на правичноста и во таа смисла останувам на барањата односно аргументите поднесени во барањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Барам од Комисијата за избори и именувања при Собранието на Република Македонија да даде едно поголемо образложение, бидејќи уште во април Тодор Петров беше избран за раководител на оваа повремена комисија за настаните во село Куклиш - Радовиш, Скопје и Дебар.

Прашањето и образложението од Комисијата за избори и именувања да го образложи пред парламентарците зошто денеска следи негово изменување, дали истото е поврзано или да му се наметне и она што некогаш го организираше во Гевгелија господинот Петров, да не се тие настани директно поврзани со ова спомнато конкретно во материјалите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие предложивте, а имаме членови од Комисијата, ако чувствуваат потреба ќе објаснат.

За збор се јави господинот Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ќе ве прашам сите вас, што е потешко, еден вагон злато, или една ситна паричка? Јас така и почнувам, Јас немам ништо против Минов, против Петров, против Џаферовски, против Таири. Апсолутно немам ништо против. Се случи во Куклиш, во Радовиш, во Скопје. Си врви времето и Комисијата не дава извештај. После неколку месеци се поставува пред Комисијата за. 11збор15 н именувања и не "дава некакво образложение и се менува господин Петров. Се што се одигра во Куклиш и во Радовиш ми се чини позитивно беше решено со тоа што барањата на луѓето кои настрадале во тие места, односно раководителите на претпријатијата ми се чини беа сменети, ако не се лажам. Полицијата колку што знам јас, одговорниот за неделата што ги изврши и самоволието ми се чини тука е министерот за внатрешни работи, ми се чини дека беше земен под одговорност. Колку што мене ми е познато ако ние тука и народот во Македонија за што реков утре можеби ќе се случи на друго место и ако Комисијата притајува, значи Комисијата не си ја изврши задачата која што и беше поставена од народот и од ова Собрание. Да се фати кривецот е тешко, затоа што викаме има една вистина, фактички има многу вистини, а кривини колку што сакаш. Дали -Комисијата за избор и именувања постапила правилно? Мене ми се чини не е правилно. Затоа што образложението што го дава Комисијата, односно членови од Комисијата дава контрадикторни податоци. мене лично ми се чини дека господинот Петров некако е нападнат не по своја волја, не Петров самиот, но по своја волја на таа Комисија. Ако малку Комисијата се предомисли ќе види дека греши. Ако господинот Петров не свикувал состаноци, тогаш и господинот Петров има една тежина од сето тоа што треба да го поднесе Комисијата. Меѓутоа, тоа сето собрано не е толку голема грешка сите ние да се

малтретираме и се мачиме, а и Комисијата бидејќи народот бара да се изјасни целата ситуација пред народот и пред ова Собрание и овие денови да си седнете овие денови и тој заклучок да го донесете  да го дадете пред јавноста и пред ова Собрание без да барате измени. И мене да ме повикате. И незнам кого да повикате, и незнам кого од нас тука ако така ги одолговлекуваме работиве никогаш во јавноста нема да ја кажеме вистината за тие три града. Тепаниот тепан итн. итн. Значи грешката е пак кај нас. Грешката е кај нас парламентарците, затоа што на време не ги вршиме работите. Меѓутоа навидум тоа се ситни работи, но оној што јадел ќотек, оној што е обесправен, оној што е исфрлен од работа, а чека од оваа Комисија, значи гревот нека падне врз Комисијата. Пилат, нека ми извинат муслиманите , Пилат рекол вака^ кога требаше да го заковат Исус Христос , да го осудат "јас кај овој човек не гледам грешка, ги мијам рацете и прсна водата кон парисеите. Гревот носете го вие". Значи гревот го носиме ние сега, сите ние. Ќе се сетиме некогаш на некоја грешка и веднаш ќе донесеме, да влезе на дневен ред ова. Тоа не е еден месец, не е два, не е три, не е пет, не е десет. Затоа ќе ве молам убаво да размислите, тие ми се и зборовите што сакам да ги потцртам на крајот не е крив ниту Петров, ниту Комисијата, криви сте цела Комисија и сакам да се состанете, јас апелирам кон вас и да донесете еден заклучок со кој ќе не запознаете и нас, а ќе ја смирите и јавноста. Барајќи некого да го обесат, се сопнал и се удавил.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас накратко нешто ќе потсетам овде и знам дека доста време е изминато,  туку ова ми

мириса мене на следното. Нашиот народ многу убаво ги измислил овие поговорки. Ова ми изгледа мене како "кадија те тужи, кадија те суди". Отишла Комисијата таму за да не ја видат вистината. Според тоа предлагам таа Комисија да појде таму еднаш, или два пати, или Дебар, или во Кулиш, таа сигурно наплати дневници. За тоа земаа пари, а не ја завршија работата.

(Пратеникот Бранко Арсовски коментира од место).

Што те буни тебе?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да упаѓате. Господине Мицевски продолжете вие, а вие воздржете се од било какви коментари.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Еднаш треба да се научиме да работиме и да не растураме господине Арсовски народни пари. Дадени се пари за да ја завршат работата. Секаде се наплатува после извршената работа. Комисијата ништо не изврши никаква работа и парите треба да ги врати на касата и тоа со инфлационата стапка. Ако еднаш на една таква Комисија, или на таква група што ќе ја одредуваме и направиме таква забелешка другите ќе ја вршат работата со успех, или нема да се нафаќаат. Значи овде се нафатија само за парите, а не да ја завршат работата. Еднаш мора да престане такво расипување на народни пари. Ајде формираме комисија, појди ми дојди ми, земи ги дневниците и ништо не завршено, а тој народ чека да се расчисти работата веќе осум месеци. Осум години со оваа Комисија и со ова мислење вакво нема да се заврши таа работа.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, еве покрај другите членови и јас сум член на таа Комисија што бевме избрани од ова Собрание и мислам дека што направивме , направивме. Меѓутоа, мојата констатација во врска со одењето во Куклиш и во другите места што бевме задолжени да одиме, морам да кажам дека многу конструктивно работевме на тој план. Тодор Петров извонредно го водеше состанокот, анкетата како метод кој го применивме беше на едно високо ниво и покрај тоа што бевме хетерогена структура на пратеници со нај- различни прашања кои ги поставувавме на присутните субјекти во тој дел. Така што мислам дека ако го гледаме оној првиот дел, морам да кажам дека беше многу напорен и дека ваквите комисии анкетни ова Собрание не ни создало доволни услови за работа. Морам да ви кажам дека работевме од 7 до 12 часот ноќта. Така се исцрпувавме и физички и психички, дури немавме можност каде и да спиеме. Не можевме да одлучиме заради тоа што не можевме да ги покриеме оние трошоци што сега потенцираме за некоја си голема дневница од тогашно време две милијарди и сто денари стари за да не можеме ниту да доручкуваме, ниту да ручаме, ако не не повика домакинот нешто да ручаме, ние сме практично во ситуација да немаме да го покриеме трошокот. Треба да прифатиме едно, дека во оваа смисла јас како член на оваа група не сносам никаква одговорност заради тоа што сметам дека многу паметно и многу сериозно настапувавме во однос на разоткривањето на случајот што ние го анализиравме. Меѓутоа , вториот дел сега откако ги извршивме тие посети комплетно, мислам можеби затаивме во меѓувреме, меѓутоа има и оправдани причини. На неколку наврати при повикувањето од претседателот, од раководителот на Комисијата бевме спречени затоа што се совпаѓаше и седницата на

Собранието. Така што мораше во одредено време и да се одложуваат овие наши седници на Комисијата. На неколку на- врати јас како член на таа Комисија бев објективно спречен да учествувам на Комисијата , заради тоа што и мојата Комисија за труд и социјална политика баш во тоа време заседаваше. Меѓутоа, не значи дека Комисијата не можела да расправа ако имала кворум. Меѓутоа принципиелен е Тодор Петров, сакаше на некој начин Комисијата да биде во цел состав и да расправа по овие случаи. Јас лично како член на оваа Комисија комплетно сум задоволен од целокупната работа на оваа Комисија до оној период кога навистина ја вршевме таа анкета, кога го применувавме тој метод, иако за тоа немавме големо искуство. Ние имавме само еден член од одлуката со кој рековме дека, можете да вршите анкетирање на присутните граѓани од одредено подрачје заради тоа и тоа. Меѓутоа немавме некоја псоебна насока и методологија изградена како ние треба да ја водиме таа работа. И во тој дел мислам дека воопшто не сносиме никаква одговорност. Меѓутоа, во овој дел јас предлагам сега и покрај тоа што има некаков мал пропуст, ако е тоа пропуст, па понекогаш да ви кажам и јас лично тие директни извештаи кои ви се дале веднаш можеби повеќе ќе ги иритираме граѓаните, отколку ова полека да спласне проблемот , па тогаш да дадеме еден реален извештај и во меѓувреме да го анализираме. Па тоа е дискутабилно прашање. Јас мислам дека тоа можеме да го анализираме и од научен аспект. Меѓутоа, тоа е веќе друго прашање. Во оваа смисла предлагам Комисијата под итно да се состане без да се вршат некои промени и мислам дека Тодор Петров за утре свика таков состанок, можеме да се состанеме. Извеш- тајот е готов, мислам дека белешките се присутни, јас ги читав тие белешки и најреално се прикажани состојбите, она што го видовме.

Во таа смисла предлагам да не се врши измена на претседателот, туку претседателот да остане, а ние да ја завршиме работата до крај овие два, три дена.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Еден стар државник има кажано една мисла, вели: формирај комисија ако сакаш некоја работа да не се заврши. Сите овие комисии што досега ги формираше ова Собрание, тоа ми личи на таа позната изрека. Се формираат комисии без да се дадат при тоа никакви рокови, едноставно само реда ради, колку да се задоволи притисокот на јавноста. Тоа е позната работа уште од времето на монизмот.

Јас немав намера воопшто да се јавувам. Ме поттикна говорот на колегата наш Алил Џаферовски и најповеќе заради тоа излегов на говорницата. Значи без трунка колегијалност спрема колегата пратеник, а исто така и од останатите членови на Комисијата кои никако не можат да ја надраснат својата партиска припадност, да се соочат со одредени факти. На секој начин се трудат својот колега Тодор Петров по секоја цена да го омаловажат. За мене тоа е нормално, бидејќи партиите од коалицијата на власт се трудат на секој начин да си го заштитат својот министер што за мене и тоа е можеби нормално. Секој си работи за таа цел онаму каде што припаѓа. Ќе кажам само уште толку дека излагањето на колегата Алил Џаферовски ме потсетува на едно одамна изминато време на некои состаноци на централни комитети итн. кога се бараше од одредени луѓе да признаат некоја грешка, да се покаат во име на партијата, во има на државата итн. Сметам со самото тоа што поминале осум месеци веќе е изгубена актуелноста за овие настани и како понатаму навистина незнам бидејќи факт е дека времето ги прегази тие настани и целта со која што се служат колегите пратеници е единствено по секоја цена да се омаловажи еден наш колега кој исклучително многу го ценам.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа на дневен ред е една Предлог одлука за измена на претседателот на Комисијата која поттекна токму од членовите. Самиот факт дека оваа работа се одолговлекува 7, до 8 месеци и она што е воспоставен еден континуитет на едни такви инциденти и случаи зборува дека оваа Комисија слободно може да чека уште неколку месеци, па веројатно ќе има десетина случаи. Почна со Куклиш, Радовиш, па Скопје, па Дебар, па Струга, односно Радолишта, па пак Скопје и веројатно ќе има и некои други. И ние како Собрание тука сме контрадикторни. Ние треба две работи кратки овде да разјасниме. Да се произнесеме по предлогот и по можност да ја искористиме приликава да ја задолжиме Комисијава со, или без Петров ако сака да ја заврши работата, да ја заврши да речеме до крајот на оваа година. Вака оди во недоглед. Зошто губиме време така да речам на формални работи кои не се многу битни за случајот. Значи предлагам да се произнесеме по предлогот, или да одредиме еден рок ако може.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека неоправдано седницата, односно расправата зема еден покрешен ток. Имаме едно конкретно прашање на дневен ред; Предлог одлука за измена на одлуката за формирање привремена комисија, односно за измена на претседателот на таа работна група. Добро беше што ја слушнавме и едната и другата страна, односно и предлагачите за причините заради кои тие предлагаат да се изврши таа измена и другата страна која директно е засегната со промената, во конкретниот случај досегашниот претседател. Причините, односно изнесе ставови зошто Комисијата досега не поднесе извештај пред ова Собрание. Ние сега

почнавме и ние другите да расправаме по иницијативата и изнесуваме видување по однос на работата. Ние не сме учествувале во работата на таа Комисија и нема што да расправаме. Ние ќе расправаме по однос на информацијата која ќе ни биде доставена. А сега имаме конкретна одлука, дајте да се изјасниме. Предлагам да престанеме со расправа, да се стави предлогот на изјаснување и да се заврши работата.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, ова барање од пратениците Алил Џаферовски, Панче Минов и Џелал Таири би го поставил во две насоки. Дали е принципиелно или лицемерно.

Прво, јас мислам дека прашањето воопшто не е принципиелно и вклучувајќи го, ќе го спомнам пратеникот Џелал Таири, затоа што, ако овие господа мислеа дека господинот Тодор Петров, треба да се смени затоа што не може да си ја изврши задачата како претседател на оваа времена анкетна комисија, тоа можеа да го направат некаде пред четири месеци а не да поминат осум месеци итн.

Меѓутоа, истите тие господа, јас ќе кажам дека некаде десет дена после завршувањето на анкетата во, таканаречениот случај "Дебар" господинот Петров свика состанок на кој дојдовме господинот Петров, господинот Таири и јас. Меѓутоа, тој ден, во оваа зграда, во ова Собрание каде се одржуваше тој состанок, требаше да се донесат одредени препораки и подготви извештајот што ќе биде презентиран на ова Собрание, господинот Алил Џаферовски беше во оваа зграда, јас тоа одговорно го тврдам, затоа што лично го видов тој ден, дури и обезбедувањето го прашав дали можат да го пронајдат господинот Џаферовски, тие рекоа да, и ние го видовме, тука е некаде, но не можеме да го пронајдеме каде е.

Господинот Панче Минов, дојде со задоцнување од два часа и не најде доле во ресторанот каде бевме појдени да се напиеме по едно кафе. Што значи дека тој ден, ако овие господа Панче Минов и господинот Џаферовски дојдоа на време т.е. влегоа во салата каде што беше закажана седницата на Анкетната комисија, мислам дека тој ден целата работа ќе се

завршеше и таа Комисија на ова Собрание ќе му поднесеше извештај.

Меѓутоа, од тој прв состанок што го свика господинот Петров, околу изготвување на извештајот, наваму, мислам дека од одредени пратеници, а поточно од колегата Џаферовски, па до некаде и Панче Минов можам да кажам, му се извинувам на господинот Таири, ќе напомнам тука беше секогаш редовен, се вршеше на некој начин опструкција од таа Комисија, анкетна времена комисија околу овие четири случаи да, на некој начин, на ова Собрание не му поднесе свој извештај. Јас морам да кажам дека оваа Анкетна комисија прво- битно беше формирана да ги испита случаите што се случија во селото Куклиш и Радовиш, меѓутоа, после тоа се случија уште два настани и нашите ингеренции од ова Собрание беа проширени и на случаите Струга и Дебар.

Тоа се тие вистини. Мислам дека, ќе повторам уште еднаш ако овие господа го бараат нивното барање се состои во тоа да имаат принципи т.е. да бидат принципиелни, мислам дека ако беа засегнати од тоа дека ова Собрание и јавноста на Република Македонија не беше запознаена со наводите на Анкетната комисија, можеа тоа да го сторат уште пред четири месеци. Сега ова барање, после осум месеци мислам дека е лицемерно.

Јас уште еднаш му се извинувам на господинот Таири.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Ние, изгледа ќе изгубиме исто толку време како кога ја формиравме оваа комисија.

Прво, работиве некако не можат да се распоредат. Зборуваме, после 10 дена сме можеле, бил свикан состанок и да ја завршиме работата, а после два – три месеци се побара зашто нема извештај па се каже дека се

чека извештај од СОК; од полиција, од авде од анде. Нема причина никој никого ниту да брани, ниту да напаѓа во оваа ситуација.

Едноставно работата не е завршена. Извинете господа. Никој друг не може да свикува состанок освен раководителот. Ако можеше било кој и ако било кој "беше задолжен околу таа работа, тогаш немаше потреба да се именува раководител. Јас не знам кој го напаѓа г-динот Петров па сега да се браниме и правиме циркуси. Никаква причина нема околу таа работа, а кој кога присуствувал, како присуствувал, што бил, тоа се прикаски. Осум месеци поминаа, работата не е завршена.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Јас мислам дека тука, очигледно, г-дин Петров работел како во времето на дивиот комунизам. Еден предмет, 10 години. Бидејќи се покажал како неспособен да води група, џабе да дискутираме. Ајде да кренеме прст тој да оди од Комисијава. Тој против себе си не може тука да зборува. Има индиции дека тој има прст таму, во тие настани.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Јас сметам дека во името на вистината до сега требаше да дојде извештај за настаните во Куклиш, Радовиш и другите места каде се случија овие работи. Нема оправдување да се брани овде претседателот, па и целата Комисија, бидејќи во Куклиш, посебно во Куклиш бидејќи тоа е населено место во мојата општина, пред месец дена бевме таму и луѓето се животно заинтересирани, штос е случи со работата на Комисијата и зошто Парламентот не дискутира по овој извештај.

Јас сметам дека во име на вистината г-динот Петров нема што да се лути. Осум месеци да не најде место да направи извештај, да го извести Собранието за настаните, па ако требало и да го извести Собранието кој ен доаѓа на седница и зошто не доаѓа на седници, туку чекаше 8 месеци, кога покренаа постапка за сменување од претседател да каже дека членовите не доаѓале на седница на Комисиајта. Мислам дека нема оправдување.

Една парија профитира овде во Куклиш, да се разбереме. Жал ми е што морам така да замешам, пред тоа многу често дискутиравме за Куклиш, ги жалевме куклишанип дека се тепани, малтретирани, итн., а сега правиме вицеви на сметка на оние земјоделци кои се и те како измачени, и со пот го вадат својот динар. Господа, нема место за таква иронија.

Јас сметам дека Парламентот на идната седница, дали со смена на претседателот на Комисијата или со назначување нов претседател,извештајот за овие настани мора да дојде на Парламентот и да дискутираме кој е одговорен за сите тие настани што настанаа. Дали е полицијата, дали се одредени партии вмешани во тоа и населението е изманипулирано. Тоа ние тука ќе го одлучиме, благодарејќи на распра- вата по извештајот за овие настани.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ние како да појдовме по исти терк како што одевме кога ја формиравме Комисијата. Комисијата ја формиравме да утврди одговорност. Сега тргнавме да бараме одговорност на истата Комисија.

Ми се чини дека Комисијата треба да прифати дека е крива и да сноси одговорност што до сега не ја завршила работата. Од претседателот до последниот член. Модалитети имал секој. Можел и претседателот на Комисијата да извести дека членовите не доаѓаат, можеле и членовите исто да го известат Собранието дека претседателот не ги свикува. По тој основ имаат одговорност

Во овој случај, ми се чини дека и членовите што го поднеле овој предлог немаше да го поднесат уште една година ако не ја свршеа работата, ако не се покренеше барање пред Собранието од Тиме Андонов и од мене, писмено барање да се реши овој случај

Ми се чини дека најодговорно би одлучило ова Собрание кога би ја насочила седницата односно денот кога оваа Комисија треба да се свика. Јас предлагам тоа да биде во петок, на 18 декември 1992 година, да се собере Комисијата, бидејќи оваа Комисија е времена, само за тој случај и нема потреба да се менува претседател и било што, бидејќи тој претседател новиот, веројатно ќе му треба една или две недели или пет и нему можеби нема да му дојде некој и иста состојба ќе се случи. Тоа што зборуваше Пановски, формирај Комисија да не се реши случајот

Јас предлагам да закажеме ден за одржување на седница на Комисијата, петок 18 декември, да се собере во одредена просторија и да го реши случајот

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, немам намера да оправдувам дали Комисијата завршила или не ја завршила работата, или да го кудам но вие видете сами што е.

Мене ми е само едно незгодно овде што слушам тројца млади луѓе кои сакаат да се надмудрат кој од нив тројцата е виновен за она што не дошло пред Собранието.

Во предлогот на почитуваните колеги Алил Џаферовски, Панче Минов и Џелал Таири стои обраќање до претседателот на Собранието. Немаше датумот да ми значи ништо ако не го слушнав зборот на Алил Џаферовски, кога рече дека на ден 26.Х.1992 година ги повикал претседателот на Собранието по повод предлогот зошто не била завршена работата на Комисијата. Замислете една коинциденција, од истиот ден кога таа Комисија не се состанала следи и барањето за разрешување, не на прашањето околу извештајот на Комисијата, туку за сменување на претседателот на Комисијата. Од кого? Од членовите на Комисијата. Ако некој се сомнева, јас ќе повикам било кој сака да види, приемниот штембил на Барањето за сменување на претседателот, еве го овде под број 41-54/1 од 26 октомври 1992 година. Што значи, ако е точно што пишува овде дека слушнале господата, потписници на овој предлог дека Комисијата не ја завршила работата и се повикува на нивно недоаѓање на Комисијата, тие да не сносат одговорност последното е нај- интересно. Вели:

"Свесни за одговорноста како пред Собранието на РМ така и пред граѓаните на РМ, истакнуваме дека сите игри и манипулации за недовршување на работата на Комисијата треба да се побараат кај раководителот на Комисијата, бидејќи одговорот на неодговорените прашања и дилеми ги знае токму нашиот колега, пратеникот Тодор Петров.

Поради тоа предлагаме тој да се разреши од претседател на Комисијата, а на негово место да биде избран пратеникот Ристо Ќелешов.

Овие тројца колеги, иако знаеле дека не доаѓале,со исклучок на Џелал Таири, не доаѓале на состаноците, што го потврди и господинот Бранко Арсовски, потврди за квалитетот на работата, нивното знаење и умеење околу тоа како тие работеле, дошло да се на- правата белешките. Кога дошле да се направат тие белешки Тодор Петров што ни покажа? Овде писмено покажа, така разбрав, ако не е така нека ме демантира или тој или другите, дека имал, кога ги закажувал седниците на Комисијата, кога последен ден во јули, откако одлучил, односно увидел дека не може да го направи извештајот, да не биде негов извештај туку на Комисијата, тој писмено се обратил до Собранието. А тоа до Собранието е до истиот господин до кој се обратиле и потпишаните тројца пратеници Алил, Панче и Џелал. Што значи дека и тој се обратил до претседателот на Собранието.

Ако некој треба сега да одговори на прашањето зошто го нема извештајот на Комисијата, било како било, господин Петров, што направил? Тој , говорејќи дека нема начин и можност Комисијата да направи извештај, го известува претседателот на Собранието кој според Деловникот одговара за организација на телата во Собранието, што значи и за ова тело требало да дојде тој да одговара.

Што бива? Ден 26-ти е свикување, не бива, сите да се избегнат и еве што е, обвинување. Ако овде се говори за некакви игри и некакви манипулации, дозволете ми да заклучам со овие зборови од дел од Предлогот за разрешување на пратеникот Петров од претседател на оваа Комисија што се во овој дел каде се спомнуваат овие зборови. Тоа е мое видување.

Не ми беше јасно, прв пат си поставив прашање зошто пратениците потписници на Иницијативата бараат разрешување на  на претседателот.

Ќе ми беше појасно и поубаво и поблагозвучно и ќе имав слобода да го прашам сега господин Петров зошто така постапил ако овие пратеници до Собранието изјавиле дека ова што не го направил господин Петров, тие сега, свесни за пропустите на Петров кој ја почнал работата на Комисијата, тој е еден, тие не направија ваков допис до Собранието, до пратениците да ги известат дека пратеникот Петров, претседателот на Комисијата ја кочи работата на Комисијата. Тогаш навистина тие не ќе имаа ниту игри, ниту манипулации. Ова се околности што говорат за тоа дали некој ќе треба да оди или не.

Меѓутоа, сега малку ќе говорам за тоа што значи промена на претседател на едно тело. Промената на претседател на едно тело, особено тело од променлив карактер, значи водење на вода дека тоа тело никогаш нема да изготви извештај. ВО законите според кои се водат процедури, ако челникот оној кој ја води процедурата, претседателот на Советот или на Комисијата се смени, сите постапки почнуваат одново. Зарем овие имаат тоа за цел? Постапката да се почне одново, сега да направиме процес во Куклиш, да направиме процес во Радовиш, да направиме процес во Дебар и процес во Скопје? Тоа ли ќе биде потребно? Ако е така, повелете, гласајте, господа ако се залагате да гласате да го смениме Петров, ајде повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ми се чини дека расправата толку станува контра продуктивна што ќе има последици во целиот Парламент , една обична комисија, за неколку случаи и незнам дали е веќе продуктивно да добиваме извештај после се. Меѓутоа, мене и како на ново избран пратеник ми се поставуваат неколку прашања.

Прво, обвинети се на навистина еден непринципиелен начин, пред се, пратеникот Џаферовски и Минов за своето неприсуство во Комисијата, па јас отворено прашувам колку членови брои таа комисија. Дали може членовите на Комисијата да немаат кворум затоа што Џаферовски не присуствува и Минов. Да не се правиме наивни. Таа комисија очигледно мнозинството не присуствувале, ако не присуствуваат или ако не се свикува. Не може ние да го нападнеме пратеникот Алил за неприсуство на Комисијата итн. итн. И затоа таа не заседава. Таа не заседава затоа што нема мнозинство во неа.

Втора работа, незнам зошто има Парламентот толку потреба, особено левата страна од Парламентот, од перспектива лева на толку непринципиелен начин да се нафрли врз два пратеника што си имаат демократско право да предложат промена на раководител на една комисија. Може да се дискутира тука на секој начин освен на овој што се дискутира. Се споменуваат некакви централни комитети, се споменуваат дисквалификации, надраснувања на партиски припадности, па токму оние кои повикуваат да се надрасне партиската припадност за две години три партии сменија и повторно не можат од матичната партија да се одлепат во клучните моменти во своето размислување. И, не повикувајте на такви дисквалификации. Арсенал на етикети се залепија тука.

Уште едно прашање ми се наметнува. Од истата страна која брани дека раководителот добро ја врши работата прво се кажува дека е причина неприсуство, а потоа се кажува дека нема извештаи. Во таа Комисија господа пратеници работите во целина не чинат. Да се разбереме. Ако еден орган или тело, овој пат Комисија не работи добро на опашката од Комисијата не се бара првата одговорност. Се бара кај главата на Комисијата, раководителот. Како што и овој Парламент ако не работи добро нема да биде некој обичен пратеник најмногу крив, туку ќе биде претседателот на Парламентот крив. Сега да не кажеме дека раководителот бил добар, меѓутоа не чинел еден пратеник во Комисијата од вкупно 7 и затоа Комисијата не чини.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас ќе дадам еден предлог и барам да се гласа веднаш по тој предлог.

Предлагам да прекинеме да ја заморуваме јавноста со еден магичен куп од игри, надмудрување и подметнување, исто така и притисоци врз поедини пратеници. Немаме право ние како пратеници да даваме оценки за работата и за личноста на секој поединечен пратеник, независно од која партија припаѓа, независно дали е независен пратеник. Немаме такво право. Такво право имаат само нашите избирачи и да престанеме овде со разни манипулации да се служиме само да се прикрие одговорноста на министерот за внатрешни работи. Предлагам, бидејќи Комисијата, анкетната Комисија на почетокот кога донесовме одлука за нејзино формирање не ја задолживме во кој рок да ја заврши работата и да го подготви извештајот да престанеме со расправа, да донесеме еден

заклучок со кој Комисијата би ја задолжиле во рок од 5 или 7 дена, предлагам од 7 дена тоа да биде, да ја заврши својата работа и да ни поднесе извештај. Ве молам да престанеме со било какви расправи натаму и со меѓусебни обвинувања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, прецизирајте го предлогот, затоа што дадовте два предлога.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Предлогот е да прекинеме со расправа по оваа точка и да заклучиме Комисијата во рок од 7 дена да ја заврши својата работа и да го извести Собранието по писмен пат за своите заклучоци и во- општо за целата работа за сите три случаи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас немам право на никого да не му дадам збор ако сака да учествува во расправата. Деловнички немам право, а ние можеме да се договориме вечерва да прекинеме со расправа, па да продолжиме како и за другите...

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Ако пратениците одлучат...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ама, јас не можам ако има луѓе, пратеници што се јавуваат за збор да му ограничам на никого, освен сам ако не се откаже.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Потпретседателе, ако пратениците одлучат да се откажат, јас апелирам да се откажат. Кон ништо не не води оваа расправ , да ние личноста на Петров ја ставаме на тапет пред целата јавност и да донесуваме оценки за неговата личност. Па, на ништо не личиме  овде. Не

е ова Парламент. Исто така, да се служиме со одредени подметнувања. Петров Закажал состанок, не закажал. Ние не сме суд. Судот за работата на секој пратеник ќе го донесат нашите избирачи. Ве молам да се гласа по заклучокот, ако не се прифати нека се продолжи со расправата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Должен сум да прашам, има пријавено пратеници за дискусии, господин Станковски, господин Таири, господин Авди Фаик и господин Шакири.

Дали се откажувате? (Не се откажуваат).

(Госпоѓицата Доста Димовска инсистира да се гласа).

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

На жалост не ќе можам за кратко да се откажам од дискусијата и тоа за минут, два, само едно објаснување на господин Стојановски кој стави двоумење во тоа зошто на 26-ти октомври, на истиот ден оваа група на пратеници го потпишале барањето за сменување на претседател.

Само да ве известам, во интерес на реалноста дека истиот ден претседателот Андов свика состанок со целата Комисија, на чело со претседателот Тодор Петров. На тој состанок не беше дојден Петров, ниту пак беше јавен како таков. И врз база на тоа и врз база на критиките што ни ги упати претседателот на Собранието, и тоа оправдани критики ние седнавме и го напишавме ова барање со цел работата да оди напред. Затоа мислам дека не е во право господин Стојановски што вика дека истиот ден имало нешто. Немаше ништо, а тој цело време зборуваше како адвокат на господин Петров, односно како да бил цело време со Комисијата, од првиот ден до крај. Мислам дека нема смисла така да ги

вртиме работите, од тој агол да ги гледаме, туку реално. И јас сум за тоа да се прекине со дискусијата, но со тоа што не би требало да водиме материјална расправа. Материјална расправа ќе водиме кога ќе го добиеме извештајот. Кој ќе го изготви, како да гласаме во однос на ова барање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не се правдам дали некој ме сфатил професионално или не. Добро е кога сме сите професионалци. Ова што господинот го потврди оди токму во тезата што јас го зборував. Значи, господинот претседател Стојан Андов не ве викнал таму да ви соопшти дека господин Петров му ги доставил сите белешки и неспособноста да ја свика Комисијата поради недоаѓање на члeновите, туку да ве советува односно да ве кара зошто не работи и вие затоа ја напишавте таа одлука.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Се извинувам, она што ми го упати како критички претседателот Андов, тоа не беа како први критики. Ние критики сме добиле токму од граѓаните од моментот кога престанавме со работа. Цело време не можевме од тие граѓани, кои што на одреден начин беа засегнати со случајот и затоа претседателот Андов, тоа беа серија и продолжување на критиките од граѓаните. Затота претседателот на Собранието да ни дал нас памет како да работиме понатаму мислам дека не држи, туку ние до секретарот на таа Комисија, од стручната служба неколку пати сме се обратиле стално кога ќе седнеме, а и со господин Тодор Петров. И јас реков и пред малку што било посреди што немаше финале на целата оваа работа и мене не ми е познато. Затоа барам да се гласа по однос на ова.

**СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, повторно се нафрливме во некои води, во лични напаѓања еден против друг или во лични одбрани. Овде можеби со право постои прашањето зошто некој некого напаѓа или зошто некој некого брани, меѓутоа ценам дека работите треба да ги поставиме принципиелно. Ајде да трнеме од она зошто и како дојде до оваа Комисија. Имаше случаи во една прилично запалена атмосфера во овој Парламент, со повеќечасовно расправање и се дојде до тоа да се формира комисија и на таа комисија, ако се сеќавате беше донесено да се изберат овие членови кои што беа предложени, а за раководител беше предложен Петров како човек кој е стручњак за митинзи, јавни протести и случки од типот - се случи, народ. Според тоа тоа беше прифатено дури со аплауз. Дури можете да земете стенограми и да видите дека целиот избор беше со аплауз пропратен. Сега што се случи.

Прво, јас незнам дали Комисијата доаѓала, дали била свикувана, дали билеваму или онаму, меѓутоа едно стои.

Прво, таа комисија до ден денеска не дала никаков извештај. Можеби стои во обврските на таа комисија дека немаше точен датум, меѓутоа ако некој мислеше дека се формира комисија што ќе треба да даде можеби извештај после 10 години, мислам дека тоа не е разумно и не држи таков пристап. Според тоа требаше до сега да имаме таков извештај, а факт е дека го немаме. Повеќе нема што да дискутираме дали е во ред или не е во ред да се остане еден човек да биде раководител на таа комисија која што не успеала за 8 месеци да даде извештај. Јас незнам од каде размислување дека ако некој за 8 месеци не може да даде извештај никаков

можно е тоа да го даде тоа за 5 дена, утре. Па, кои ќе бидат причините. Или суштината е токму таа. Се да се заташка, ништо не излезе на видело и токму присутните проблеми таму да останат за секогаш неразјаснети. Затоа ценам дека е во интерес на сите да избереме нов раководител со надеж дека оваа работа ќе се заврши и како Собрание ќе добиеме валидни информации.

Исто така барам во заклучоците да се стави уште една забелешка. Вакви комисии формиравме и претходно и други имавме, кои до денес не дале никаков извештај. Го молам претседателот на Собранието да поднесат извештај кои комисии се формирани, со каква намена и зошто до денес нема никакви извештаи, затоа што не е само оваа комисија. И да видиме дали воопшто има потреба да формираме комисии ако вака работат,

(Нема кворум).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, од службите да не информираат колку пратеници се присутни во салата. Инаку само уште господинот Фаик Абди е пријавен за дискусија.

32 пратеника се присутни во салата.

Според тоа немаме апсолутно никакви услови за работа.

За продолжувањето на седницата ќе бидете информирани дополнително.

(Седницата прекина со работа во 17,45 часот).